# САМОЕВАЛУАЦИЈА

**ООУ “СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ”, Центар – Скопје**
**2015-2017 ГОДИНА**

# СОДРЖИНА


ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО ........ 4
Општи податоци за училиштето ........ 4
СПИСОК НА ГРУПИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА........ 7
ПОДРАЧЈЕ 1........ 10
Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми ........ 12
Индикатор 1.2. Квалитет на наставните планови и програми ........ 14
Индикатор 1.3. Учење и настава........ 16
Индикатор 1.4. Воннаставни активности ........ 23
Подрачје 1. Организација и реализација на наставата и учењето ........ 25
Извори на податоци 1.1.Реализација на наставни планови и програми(анкета за наставници) ........ 28
1.2.Квалитет на наставните планови и програми........ 31
1.3.Учење и настава ........ 32
1.4.Воннаставни активности........ 41
ПОДРАЧЈЕ 2........ 42
2.1 Постигања на учениците ........ 43
2.2 Задржување - Намалување на бројот на учениците........ 55
2.3 Повторување на учениците ........ 63
ПОДРАЧЈЕ 3........ 64
3.1.Обезбедување на потребен наставен кадар........ 64
3.2 Следење и поттикнување на професионалниот развој на наставниот кадар ........ 66
ПОДРАЧЈЕ 4........ 81
4.1 Управување и раководење со училиштето ........ 82
4.2 Цели и креирање на училишна политика ........ 86
4.3 Развојно планирање ........ 87
4.4. Сместување и просторни капацитети ........ 89
4.5. Наставни средства и помагала ........ 89
4.6. Финансиско работење на училиштето ........ 90

ПОДРАЧЈЕ 5 ..... 93
5.1 Комуникации на ниво на училиште ..... 94
5.2 Комуникации на ниво на училница ..... 96
5.3 Комуникации со окружувањето на училиштето ..... 97
Анкетен прашалник за наставниците – го објаснува индикаторот бр. 1 “Комуникација на ниво на училиште”. ..... 99
Анкета -комуникација стручен соработник- наставник ..... 99
Анкета комуникација наставник-наставник ..... 100
Анкета наставник-стручен соработник -административно -технички персонал ..... 101
Анкета Состаноци на органи и тела ..... 101
Анкетен прашалник за наставниците – го објаснува индикаторот бр. 2 “Комуникации на ниво на училница”. ..... 103
Анкетен прашалник за наставниците – го објаснува индикаторот бр. 3 “Комуникации со окружувањето на училиштето”. ..... 103
Анкетен прашалник за учениците –го објаснува индикаторот бр.2 “Комуникации на ниво на училница”. ..... 104
Анкетен прашалник за директор, стручни сорабтници и администрација (секретар) –го објаснува индикаторот бр.3“Комуникации со окружувањето на училиштето”. ..... 107
Анекс на подрачјето за Комуникација и односи со јавноста кој се однесува на ..... 108
имплементација на ИБ програмата ..... 108
Анкетен прашалник за родители - 15 испитаници ..... 109
Анкетен прашалник за наставници – 20 испитаници ..... 109
Анкетен прашалник за ученици – 20 испитаници ..... 110
Анкетен прашалник за наставници – 20 испитаници ..... 110
ПОДРАЧЈЕ 6 ..... 115
6.1. Училишна клима и односи во училиштето ..... 116
6.2. Промовирање на постигањата ..... 119
6.3 Еднаквост и правичност ..... 120
ПОДРАЧЈЕ 7 ..... 123
7.1 Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница ..... 123
Анализа на анкетни прашања ..... 126

# ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

***Општи податоци за училиштето***

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР – СКОПЈЕ |
| **Адреса, општина, место** | Ул.1737 бр.1 Центар Скопје |
| **Телефон** | 02/3 164 357 02/3 213 799 |
| **Фах** | 02/3 164 357 |
| **Е-маил** | oukimsk@yahoo.com |
| **Веб страна** | www.oukimcentar.edu.mk |
| **Основано од** | ИО – ГНОО на Град Скопје |
| **Верификација-број на актот** | 15-820 |
| **Година на верификација** | 26.06.1984 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1963/64 |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Површина на објектот** | 2501 $м^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | 4448 $м^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | Две адаптирани училници од 90 $м^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | Две смени |
| **Начин на загревање на училиштето** | Централно парно |

Самоевалуацијата во нашето училиште се врши врз основа на

ПРАВИЛНИКОТ
ЗА НАЧИНОТ И ОБЛАСТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Донесен според член 149 од Законот за основно образование (“Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13),
од министерот за образование и наука

## Самоевалуација - подрачја/области

1. Организација и реализација на наставата и учењето
2. Постигања на учениците
3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар
4. Управување и раководење
5. Комуникации и односи со јавноста
6. Училишна клима и култура
7. Соработка со родителите и локалната средина

# СПИСОК НА ГРУПИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Директор: Вилма Поповиќ

Раководител на тимот: Маја Ѓорчевска-Затуроска (педагог)
Техничка подршка: Горан Величковиќ (наставник по информатика)

| **I Група** | **ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО** |
|---|---|
| Одговорен наст. | Нела С. Никовска |
| 1. | Виолета Ѓошева |
| 2. | Катерина К. Гаштов |
| 3. | Јасмина Луневска |
| 4. | Марија В. Алексиќ |
| 5. | Жанета Шумковска |
| 6. | Милка Симска |

| **II Група** | **ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** |
|---|---|
| Одговорен наст. | Гордана Букревска |
| 1. | Кети Христовска |
| 2. | Нина Николовска |
| 3. | Ленче Зајкова |
| 4. | Ненад Наневски |
| 5. | Гордана Стефановска |
| 6. | Катарина Лазаревска |

| **III Група** | **ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ , СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР** |
|---|---|
| Одговорен наст. | Нела Радевска |
| 1. | Симона Пецова |
| 2. | Марина Василева |
| 3. | Дијана И. Ковачевска |
| 4. | Ирена Пановска |
| 5. | Елизабета Христова |
| 6. | Бојана Бачовска |

| **IV Група** | **УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ** |
|---|---|
| Одговорен наст. | Весна Миливојевиќ |
| 1. | Вера Петровска |
| 2. | Мирјана Јаневска |
| 3. | Гордана Д. Чеперковиќ |
| 4. | Благица Димчева |
| 5. | Чедомир Паневски |
| 6. | Јелена Брауновиќ |

| **V Група** | **КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА** |
|---|---|
| Одговорен наст. | Елизабета Владимировска |
| 1. | Ана П. Апостолски |
| 2. | Нада Крстева |
| 3. | Катерина Бошковска |
| 4. | Валентина Лена Вељан |
| 5. | Зорица Патарова |
| 6. | Александра Крстова |
| 7. | Ирена Б. Василевска |

| **VI Група** | **УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА** |
|---|---|
| Одговорен наст. | Даниела Крстевска |
| 1. | Данче Гиговска |
| 2. | Мери Ќурчиева |
| 3. | Горица Бошковска |
| 4. | Маја Јакимовска |
| 5. | Маја Бутлевска |
| 6. | Весна Ч. Трифуновска |

| **VII Група** | **СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ И ЛОКАЛНА СРЕДИНА** |
|---|---|
| Одговорен наст. | Павлинка Ѓорѓиева |
| 1. | Луиза Наневска |
| 2. | Анета Ѓоргиеска |
| 3. | Сања Пиперевска |
| 4. | Драган Станојковски |
| 5. | Горан Величковиќ |
| 6. | Марина Станковиќ |
| 7. | Андријана Грујоска |

| **ПОДРАЧЈЕ 1** | **ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Нела С. Никовска**, Виолета Ѓошева, Катерина К. Гаштов, Јасмина Луневска, Марија В. Алексиќ, Жанета Шумковска, Милка Симска |

| **Индикатори за квалитет** | **Т е м и:** |
|---|---|
| 1.1 Реализација на наставните планови и програми | 1.1.1. Применувани наставни планови и програми<br>1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>1.1.3. Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>1.1.4. Избор на наставни предмети<br>1.1.5. Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>1.1.6. Реализација на проширени програми |
| 1.2 Квалитет на наставните планови и програми | 1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>1.2.3. Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>1.2.4. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| 1.3 Учење и настава | 1.3.1. Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>1.3.2. Индивидуални планирања на наставниците<br>1.3.3. Размена на искуства и информации при планирањето<br>1.3.4. Распоред на часови<br>1.3.5. Наставни форми и методи<br>1.3.6. Употреба на ИКТ во наставата<br>1.3.7. Избор на задачи, активности и ресурси<br>1.3.8. Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>1.3.9. Приодот на наставникот кон учениците<br>1.3.10. Следење на наставниот процес |

| | |
|---|---|
| | 1.3.11. Средина за учење<br>1.3.12. Атмосфера за учење<br>1.3.13. Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>1.3.14. Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето<br>1.3.15. Идентификување на образовните потреби на учениците<br>1.3.16. Почитување на различните потреби на учениците во наставата<br>1.3.17. Училишна политика за оценување<br>1.3.18. Методи и форми на оценување<br>1.3.19. Користење на информациите од оценувањето во наставата<br>1.3.20. Известување на родителите за напредокот на учениците |
| 1.4 Воннаставни активности | 1.4.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>1.4.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>1.4.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>1.4.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |

***Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми***

| | |
|---|---|
| **Теми:** | **1.1.1. Применувани наставни планови и програми**<br>**1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>**1.1.3. Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>**1.1.4. Избор на наставни предмети**<br>**1.1.5. Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето**<br>**1.1.6. Реализација на проширени програми** |
| **Извор на податоци** | |
| Наставни планови и програми донесени од БРО<br><br>Педагошко психолошката служба на училиштето<br>Анкета меѓу наставници | 1.1.1.Наставни планови и програми од обработените податоци од анкетата и од разговорот со стучната служба задолжена да води евиденција за редовно доставување на наставните планови и програми од страна на наставниците добиени се следниве резултати и заклучоци:<br>Применуваните Наставни планови и програми се во согласност со програмски документи од БРО а одобрени од МОН. Наставниците:<br>-редовно изготвуваат наставни програми по сите наставни предмети вклучувајќи и програма за додатна, дополнителна, деца со посебни потреби, програма со МИО, ЕКО и ИКТ содржини, како и програма за личен и професионален развој, програма за соработка со родители и програма за животни вештини<br>Од учебната 2013/2014 година училиштето започна со имплементација на IB (меѓународна матура) за учениците од I–V одделение PYP, а од учебната 2014/2015 година за учениците од VI–IX одделение започна имплементацијата на MYP. Со тоа училиштето има статус кандидат за IB училиште.(графикон 1.1.1.) |
| Записници од родителски средби<br><br>Записници од Наставнички совети на училиштето и активите<br>Годишна програма на училиштето | 1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>Родителски средби се одржуваат во утврдени термини. На почетокот на учебната година наставниците ги претставуваат и образложуваат наставните планови и програми според кои се одвива наставата. Родителите имаат право да дадат определени мислења и програми со цел подобрување на квалитетот на образованието. Преку изготвени брошури ги информираме родителите со |

| | |
|---|---|
| Брошура на училиштето изготвена од страна на педагошката служба на училиштето<br>Веб страна од МОН<br>Анкета за родители (графикон 1.1.2)<br>Анкета меѓу ученици(графикон 1.1.2) | одделни делови од програмата, правата и обврските на учениците и организацијата на работата во училиштето. Веб сајтот, огласните табли пред секоја училница и родителските средби се исто така начини за информирање на родителите за имплементација на програмата. |
| ИОП изготвена од педагошко психолошката служба, дефектолог и наставник<br>Портфолио за деца со ПОП<br><br>Анкета (графикон 1.1.3) | 1.1.3. Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>Во училиштето има 12 ученици со посебни потреби (со медицинска белешка), вклучени во редовната настава. Тие се вклучени во наставниот процес, со прилагодени наставни програми според нивните можности. Истите се идентификувани од страна на стручната служба и со поголемиот дел од нив индивидуално работи дефектолог ангажиран од страна на родителите.Во нашето училиште еднаш неделно доаѓа дефектолог кој работи со учениците со посебни образовни потреби. |
| Анкета меѓу родители и ученици (графикон 1.1.4) | 1.1.4. Избор на наставни предмети<br>Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го вршат учениците во согласност со нивните родители. Но при изборот на предметите од листата на изборни предмети што се нудат за избор на анкетните листови за учениците одлучувачка е улогата на училиштето. Изборот на трите предмети кои ќе бидат понудени на анкетните листови се врши во прилог на ангажирањето на постојаните наставници до полн фонд на часови. |
| Интервју со педагог -записници од училишен парламент<br>Програма за работа на училишен парламент | 1.1.5. Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>Реализацијата на слободните часови/ проектните активности се врши според интересите и желбите на учениците. Истите се реализираат според програмата за работа на училишниот парламент. |
| Проширена програма | 1.1.6. Реализација на проширени програми<br>Во училиштето се реализира проширена програма. Во рамките на проширената програма се реализира организирано прифаќање и заштита на учениците од прво до петто одделение еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршување на редовната настава во согласност со родителите. |

***Индикатор 1.2. Квалитет на наставните планови и програми***

| | |
|---|---|
| **Теми:** | **1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br>**1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>**1.2.3. Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br>**1.2.4. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми** |
| **Извор на податоци** | |
| Наставните планови и програми<br>Стручен соработник – лице одговорно за проектот | 1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала.<br><br>Во училиштето учат ученици од различно етничко потекло - Македонци, Срби, Бошњаци, Роми, Турци и др. Мултикултурализмот е застапен во годишната програма на училиштето интегрирано во мал број на наставни активности. Бидејќи училиштето има статус на кандидат за прием во меѓународната образовна ИБ програма, училиштето го развива и интернационализмот како концепт при изработувањето на планирањата. Нашето училиште е влезено во третата фаза од проектот за Меѓуетничка интеграција. Реализирањето на проектот „ Кај мене – Кај тебе“ создава услови за широк спектар на наставни и воннаставни активности од областа на науката (истражувања ), проучување на културата и традицијата на различните етникуми, заеднички спортски активности. Проектот дава можности да бидат вклучени сите ученици од I – IX одд., а со свое учество и придонес се вклучуваат и родителите. |
| Интервју со одделенски и предметни наставници | 1.2.2 Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала.<br>Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи. Во училиштето постојат добри примери на соодветни интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала и тоа во училишните проекти, во вонннаставните активности и во програмите на ученичките заедници. Училиштето има соодвето интегрирани особености на локалната средина на наставните |

| | |
|---|---|
| | планови и програми. Организирани се предавања за меѓуетничка интеграција и заштита на животната средина,посети на музеи, кина и театри, екскурзии со финансиска поддршка од Општината.Остварени се средби со претставници од општина  и собрание во контекст на изучувани содржини по одредени предмети. |
| Дневни, годишни и тематски планирања | 1.2.3 Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>Меѓупредметните цели се застапени во поголем дел од наставните програми. Наставниците добиваат насоки од стручните соработници според кои ќе се врши интегрирањето на меѓупредметните цели во планирањето на наставниците. Во планот и програмата за работа на одделенските часови планирани се содржини од областа на здравственото воспитување кои овозможуваат стекнување на информации за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење, се дискутира за успех, редовност, дисциплина, екологија, успешноста во имплементација на новата програма во нивното училиште и др. теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат на нивната возраст. Поголем број наставници ги почитуваат тие насоки и превземаат одговорност за реализација на истите. |
| Анкета меѓу наставници<br>Анкета меѓу родители<br>Интервју со координатори (беа формирани тимови што ќе работат со претставници од МОН за усогласување на наставната програма) | 1.2.4 Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми<br>Наставниците имаат можност за модификација на начинот на реализација на наставните планови и програми, користејќи ја методологијата на ИБ програмата и преку стручното усовршување применуваат активни методи и техники на учење за поттикнување на критичкото мислење кај учениците. Родителите и социјалните партнери исто така имаат можност да се вклучат во програмата за да истата подобро се реализира. Но немаат големо влијание врз дефинирањето на наставната програма.<br>Начинот на кој наставниците, родителите и учениците можат да влијаат за измени во наставната програма е да покренат иницијатива за измени и дополнувања на наставните планови и програми и истите да се препратат до БРО и МОН. Предложено е да се испрати забелешка до МОН и БРО за отварање на веб –линк на кој сите наставници вклучени во воспитно образовниот процес ќе можат да дадат забелешки и свој придонес за подобрување на воспитно образовниот процес на учениците |

***Индикатор 1.3. Учење и настава***

| | |
|---|---|
| **Теми:** | 1.3.1. Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>1.3.2. Индивидуални планирања на наставниците<br>1.3.3. Размена на искуства и информации при планирањето<br>1.3.4. Распоред на часови<br>1.3.5. Наставни форми и методи<br>1.3.6. Употреба на ИКТ во наставата<br>1.3.7. Избор на задачи, активности и ресурси<br>1.3.8. Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>1.3.9. Приодот на наставникот кон учениците<br>1.3.10. Следење на наставниот процес<br>1.3.11. Средина за учење<br>1.3.12. Атмосфера за учење<br>1.3.13. Поттикнување на учениците за превземање одговорност<br>1.3.14. Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето<br>1.3.15. Идентификување на образовните потреби на учениците<br>1.3.16. Почитување на различните потреби на учениците во наставата<br>1.3.17. Училишна политика за оценување<br>1.3.18. Методи и форми на оценување<br>1.3.19. Користење на информациите од оценувањето во наставата<br>1.3.20. Известување на родителите за напредокот на учениците |
| **Извор на податоци** | |
| Разговор со директор<br>Разговор со стручната служба | 1.3.1 Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>Училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за следење на планирањата на наставниците. Планирањата се прибираат и разгледуваат од стручната служба и директорот, а за ИБ планирањата задолжени се ИБ координаторите. Училиштето има изготвено инструменти за следење и квалитет на планирањата и подготовка за наставата. Се врши проверка на успешната реализација најмалку два пати во едно полугодие од директорот, стручната служба и ИБ координаторите |

| | |
|---|---|
| Разговор со стручната служба<br>Годишни, тематски планирања и дневна подготовка | 1.3.2. Индивидуални планирања на наставниците<br>Наставниците редовно и навремено ги изготвуваат Годишните планирања во согласност со наставниот план и наставните програми донесени од МОН, а во согласност и со барањата на ИБ организацијата. Сите наставници редовно изготвуваат тематски планирања и PYP/MYP планери. Планирањата на наставниците ги содржат сите елементи за успешна организација и реализација на часот. Вметнати се содржини кои ќе се реализираат со примена на ИКТ. Освен за наставните предмети, наставниците изготвуваат годишно планирање за одделенскиот час, воннаставни активности, дополнителна и додатна настава. За наставниците приправници, менторите изготвуваат програма за работа. |
| Записници од одговорните на активите и координаторите на PYP/MYP | 1.3.3. Размена на искуства и информации при планирањето<br>Наставниците разменуваат искуства и изработуваат заеднички планирања за време на колаборативните планирања кои ги остваруваат во август месец, а во текот на годината се состануваат по секоја завршена тема за да бележат согледувањата од релизацијата како битен елемент за подобрување на наставниот процес и квалитетот на планирањето. |
| Истакнат распоред на видно место | 1.3.4. Распоред на часови<br>Распоредот на часови се изготвува навремено од страна на наставници, почитувајќи го притоа најдобриот интерес на ученикот. |
| Анкета за наставници | 1.3.5. Наставни форми и методи<br>Најголем број од наставниците  во зависност од наставните теми што се изучуваат, користат разновидни наставни форми(фронтална,индивидуална,во парови или групна.Исто така наставниците користат различни  методи што соодветствуваат на потребите на учениците и предметот што го изучуваат како:(метод на разговор,метод на усно излагање, работа со текст, илустриран метод, практични и лабораториски вежби, метод на демонстрација, метод на решавање на проблеми,  метод на истражување, квизови, игри,  натпревари и сл.) |
| Интервју со одговорен наставник за ИКТ<br>Анкета за наставници | 1.3.6. Употреба на ИКТ во наставата<br>Во училиштето има 141 компјутери за ученици, распоредени во 14 училници, 93 лаптопи за учениците во одделенска настава, 8 касети за полнење на лаптопите и 45 лаптопи за наставници. Училиштето поседува СМАРТ табла и 3 мимио табли. Наставниците посетувале обука за употреба на ИКТ во наставата. Во Годишните планирања најголем број на наставници имаат предвидено реализација на |

| | |
|---|---|
| | наставни единици со примена на ИКТ и истите се реализираат согласно планираното,а истите содржини се евидентирани во годишното планирање,во дневниците и во дневните подготовки<br>Училиштето има изготвено Кодекс за заштита на компјутерите во училиштето. |
| Одговорните координатори за MYP и PYP<br>Анкета за наставници (графикон 1.3.7) | 1.3.7. Избор на задачи, активности и ресурси<br>Користат различни ресурси, а еден од позначајните е OCC (online curriculum centre) за којшто е потребна лозинка. Истата ја добија сите наставници што следеа ИБ обуки и ресурсот го користат за користење и споделување на добри образовни пракси. Покрај ова ги користат и одобрените учебници, стручна литература, голем број на веб страни поврзани со образованието, училишната библиотека, цртежи, слики, нагледни средства, географски карти и сл. Изборот на задачи, активности и ресурси се предвидуваат според потребите на предметот кој го предаваат, програмата, интересот и можностите на учениците и училиштето. Задачите и активностите наставниците ги планираат во училиште или дома, а повеќето наставници користат различни извори и приоди на учење како што се истражување, информации од интернет и сл. |
| Анкета за ученици (графикон 1.3.8) | 1.3.8. Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Се користат различни методи на интеракција со учениците што се во насока на промовирање на учењето и градење на довербата меѓу наставниците и учениците. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. Наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците (преку пофалби кога е тоа соодветно,преку собирање на потписи и стикери со смајли за да се ослободат од дадена писмена работа. Учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера. |
| Анкета за наставници (графикон 1.3.9) | 1.3.9. Приодот на наставникот кон учениците<br>Сите наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. При тоа не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. Наставниците не користат полови, етнички, религиски и други |

| | |
|---|---|
| | стереотипи во комуникацијата со учениците и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците. |
| Интервју со директор и педагошко психолошка служба и ИБ координатори | 1.3.10. Следење на наставниот процес<br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од директорот или стручната служба. Постои пракса на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес. |
| Анкета за ученици (графикон 1.3.11) | 1.3.11. Средина за учење<br>Училницата е место на разновидност и рамнотежа. Рамнотежата е видлива во барањата и добивањата на знаењата и вештините Наставникот обезбедува безбедна средина за учење во која ученикот се вредува и почитува. Исто така креира образовна средина која поттикнува учениците да превземаат одговорност за своето учење. Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина, која поттикнува интерес за учење. |
| Анкета за ученици (графикон 1.3.12) | 1.3.12. Атмосфера за учење<br>Учениците се задоволни што учат во училиштето. Сметаат дека полесно се учи ако материјалот е поврзан со практични примери од секојдневниот живот имплементирани на  интересен начин. Наставниците структурираат динамична атмосфера за учење за да обезбедат континуирани можности за учениците да ги развијат планираните и спонтаните истражувања преку:<br>- донесување одлуки и избори<br>- употреба на материјали на флексибилен и имагинативен начин<br>- иницирање на истражување и поставување прашања<br>- взаемна соработка со другите<br>- одржување на нивните интереси и проширување на знаењето - развој на разбирањето |
| Анкета за ученици (графикон 1.3.13) | 1.3.13. Поттикнување на учениците за превземање одговорност<br>За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголем дел од нставниците не критикуваат ученици пред други ученици или возрасни. Сите ученици учествуваат во активностите за време на |

| | |
|---|---|
| | часот. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето. |
| Анкета за ученици (графикон 1.3.14) | 1.3.14. Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето<br>Учениците превземаат различни одговорности во училиштето (во и вон наставата). Учениците сметаат дека училиштето, низ организирани форми, поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. |
| Анкета за наставници<br>Интервју со педагошко психолошка служба | 1.3.15. Идентификување на образовните потреби на учениците<br>Наставниот кадар ги воочува недостатоците и пречките во процесот на учење кај учениците и превземаат активности за нивно отсранување. Одржуваат дополнителна настава и разговараат со учениците и родителите за постигнатиот успех. Стручната служба има изработено инструмент-идентификациона листа, која е поделена на сите наставници која ќе му помогне на секој наставник да препознае талентирани ученици.<br>Во врска со часовите за додатна и дополнителна настава поголемиот дел од наставниците се изјаснија дека часовите за додатна и дополнителна треба да влезат во фондот од 20 часа неделна работа затоа што посебно часовите за додатна работа барат дополнителен ангажман од страна на наставниците затоа што се работи со талентирани ученици кои потоа ке го претставуваат училиштето во општината, регионот, државата, па и пошироко преку натпреварите што редовно се организирни од страна на акредитираните здруженија. На колаборативните состаноци што ги одржува секој актив посебно, договорено е да се поттикне иницијатива за исполнување на ова барање преку упатување на писма до соодветните институции. |
| Анкета за наставници (графикон 1.3.16) | 1.3.16. Почитување на различните потреби на учениците во наставата<br>Наставниците преземаат одговорност и го прилагодуваат учењето во функција на задоволување на индивидуалните образовни потреби на секој ученик. Со тоа се охрабруваат и поттикнуваат и послабите ученици да учат и да го достигнат својот максимум. |
| Интервју со иб координаторите<br>Записници од одделенски совети | 1.3.17. Училишна политика за оценување |

| | |
|---|---|
| Програми изготвени од БРО<br>- критериуми и стандарди за оценување | Во училиштето целосно се применуваат законските прописи кои го регулираат оценувањето на учениците. И учениците и родителите се запознати со стандардите и критериумите на оценување. Училиштето има пишан документ наречен Политика за оценување. Тој има за цел да го разјасни разбирањето на наставниците за целиот процес на оценување во рамките на училишната средина. Политиката го вклучува:<br>- Цел за оценување (што и зошто оценуваме?)<br>- Принципи за оценување (кои се карактеристиките на ефективното оценување?)<br>- Пракса за оценување (како оценуваме?)<br>Политиката е достапна за сите делови на училишната заедница. |
| Интервју меѓу наставници | 1.3.18. Методи и форми на оценување<br>За водење на педагошката документација и евиденција за унапредување и пософистицирано оценување на учениците наставниците постојано се обучуваат на семинари, обуки или редовни работилници на кои се запознават со стандарди или принципи на оценување. Најголем број од наставниците користат најразлични инструменти, стратегии и методи за оценување;<br>а)Дијагностичко оценување- одредување на предзнаењата на учениците;<br>б) формативно разговор со учениците , пишана повратна информација, усна повратна информација, набљудување и след. на раб на секој ученик, домашна работа, експеримент , портфолио при тоа користејќи различни инструменти како:чек листи,холистичка листа, аналитичка листа, чек листа за самооценување ,самооценување на тест и сл.<br>в)сумативно- при тоа користејќи ги критериумите за оценување дадени од страна на БРО користејќи различни инструменти како чек листи,холистичка листа, аналитичка листа, чек листа за самооценување ,самооценување на тест,есеј и слично при што континуирано се следи напредокот и успехот на учениците.<br>Оценувањето се прави и со самооценување или меѓусебно оценување. Оценувањето е отворено, транспарентно и реално , проследено со дискусија за реалноста меѓу учениците и наставниците. Таквиот начин на оценување е поттик кај учениците за натамошен напредок , успех и натпреварувачки дух. |
| Интервју меѓу натавници<br>педагошка служба | 1.3.19. Користење на информациите од оценувањето во наставата |

| | |
|---|---|
| полугодишен и годишен извештај | За постигнатиот успех учениците секогаш добиваат повратна информација од наставниците. Наставниците добиените резултати од оценувањето ги користат како репер за еволуирање и покреативно планирање на наставата.Наставниците како и педагошката служба на крајот од секое тримесечие изработуваат аналитичка и статистичка листа за постигнаите резултати која подоцна ке послужи за споредување на резултатите од претходни генерации. |
| Анкета меѓу ученици (графикон 1.3.20.)<br>Анкета меѓу родители (графикон 1.3.20.) | 1.3.20. Известување на родителите за напредокот на учениците<br>Училиштето има процедури за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истите добро ги применува. Информациите за успехот на учениците родителите ги добиваат на родителските средби тестови, наставни листови, контролни задачи, писмени работи и сл.<br>Родителски средби евидентирани во Одделенските дневници, евидентни листови, свидетелства за завршено одделение, успех на учениците евидентиран во Е-дневник, листи за оценки од екстерно оценување<br>Родителите се информирани за успехот преку евидентни листови за секој ученик одделно. Училиштето обрнува внимание на информирањето на родителите при изрекување на педагошки мерки, а функционира и Советувањето на родители согласно со закон. Истиот е истакнат на видно место во училиштето и се почитува од страна на наставниците. По потреба, наставниците остваруваат и неформални средби со родителите. |

***Индикатор 1.4. Воннаставни активности***

| | |
|---|---|
| **Теми:** | **1.4.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>**1.4.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности**<br>**1.4.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**<br>**1.4.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности** |
| **Извор на податоци** | |
| Педагошка евиденција и документација<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Програма за дополнителна и додатна настава | 1.4.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>Согласно ЗОО, училиштето планира и во целост ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите, умеењата, афинитетите и потребите на учениците.<br>Училиштето им овозможува на сите заинтересирани ученици да бидат вклучени во воннаставни активност во зависност од нивните желби, можности, умеења и афинитети, не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус. |
| Идентификациони листи за надарени ученици | 1.4.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и желба, при тоа имајќи право да земат учество и во планирањето на истите. |
| Идентификациони листи за надарени ученици | 1.4.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>Во училиштето редовно се анализираат воннаставни активности, согласно ЗОО и за истите наставниците имаат програми за реализирање, а соодветно ја бележат и самата реализација. Во истите застапени се деца без оглед на половата и етничката припадност. Придобивките од воннаставните активности се големи, постои дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се прошируваат знаењата, умеењата, се развиваат вештините, се афирмира училиштето. Учениците подолго време минуваат во училиште, а со тоа поголема е можноста од заштита од сите негативни надворешни влијанија. |

| | |
|---|---|
| | На сите ученици кои учествуваат на натпреварите, по било кој предмет и на било кое ниво, им се даваат совети и се охрабруваат од страна на сите наставници, стручната служба и од директорот за нивното учество. По одржувањето на часовите наставниците остануваат во училиштето да работат со учениците и да ги подготват за сооодветните натпревари.<br>Се освојуваат голем број на награди, а наградените ученици, кои преку своите награди придонеле за афирмација на нашето училиште, се пофалуваат преку писмени соопштенија, на состаноците на Совет на Родители, Наставнички совети. |
| Записници од Наставнички совети<br>Благодарници<br>Пофалници<br>Дипломи<br>Признанија<br>Награди, пехари, медали<br>Интервју за наставници,<br>Полугодишен и Годишен извештај<br>Програма за начинот на изведување на ученички екскурзии | 1.4.4. Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставните активности<br>За развивање на различните интереси на учениците во основното училиште функционираат повеќе секции коишто се определени со годишната програма. Учениците со помош и поддршка на училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат на различни манифестации, ликовни изложби, литературни конкурси и натпревари од различни области што се организираат на локално, државно и меѓународно ниво и има освоено значителен број награди. Истите се користат како можност преку која се презентираат постигањата на учениците и на училиштето во целина. При планирањето,подготовката на истите училиштето доследно ги почитува одредбите од Правилникот на организаторите на натпреварите кои имаат претходно добиени акредитации.Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. |

***Подрачје 1. Организација и реализација на наставата и учењето***

***Клучни јаки страни***

- Училиштето ги има обезбедено сите НПП на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности.
- Кај педагошката служба на училиштето сите наставници имаат предадено Годишен глобален и тематски план како и Годишно планирање за дополнителна, додатна настава во печатена и електронска форма.
- За послабите ученици и учениците кои имаат потреба во училиштето редовно се одржува дополнителна настава.
- За учениците кои покажуваат посебен интерес и знаење по некој предмет редовно се организира додатна настава.
- Секој наставник индивидуално има изготвено ИОП за учениците со посебни потреби
- Сите наставници редовно одржуваат воннаставни активности според годишните планирања кои се евидентираат во одделенските книги. Придобивките од воннаставните активности се освоените награди, медалји, пофалници, дипломи и афирмацијата на училиштето.
- Секој ученик има можност да одбере активност според желбата и интересот.
- Во наставата редовно се применуваат искуства од посетените семинари

- Одржување на повеup интерни работилници во почетокот на годината за подготовка на НПП во одделенска настава.
- Во училиштето има пропишани периоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба.
- Стручните активи разменуваат искуства и идеи за планирање преку примена на ИКТ.
- Распоредот на часовите е навремено изработен и истакнат на видно место.
- Во училиштето се користат разновидни наставни форми и методи ( вклучувајќи употреба на ИКТ ).
- Задачите што се работат во училиштето или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите.
- Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето.
- Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.
- Учениците училиштето го доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење.
- Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците и превземаат активности за нивно остварување.
- Наставниците во процесот на поучување користат различни техники.

| |
|---|
| - Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.<br>- Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и редовно им даваат повратна информација на учениците за нивната работа.<br>- Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Исто така училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности. |
| ***Слабости***<br>-Недоволна заинтересираност на родителите за вклучување во реализација на Наставните планови и програми.<br>-Нема стручно лице(дефектолог) редовно вработен, за помош на учениците  со посебни потреби |
| ***Анализа на резултатите:***<br>Во нашето училиште систематски се следи, споредува и анлизира состојбата со успехот и постигањата на учениците. Наставниците ги применуваат сите стандарди при оценување на учениците, почитувајќи го и кодексот за оценување на постигањата на учениците. Талентираните и надарените ученици редовно се испраќаат да учествуваат на натпревари и постигнуваат високи резултати. Нашето училиште изготвува посебни наставни програми и планови за учениците со посебни образовни потреби. Заради подобрување на постигањата на учениците редовно се изведува дополнителна и додатана настава и се следи напредокот од еден во друг образовен циклус.<br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.<br>Систематски се следи редовноста на учениците, се применува интерен протокол за повикување родители и се врши советување на родителите. Не постои диференцијација според полот, етничка припадност и социјално потекло за изостаноците. Се почитува постапката за преминување од едно училиште во друго. |

| |
|---|
| Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците преку кои даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката со детални препораки за подобрување на постигањата на ученикот.<br>Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, дневникот на паралелката, евидентните листови на секое тромесечие, свидетелства, како и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој (од прво до трето одд. деветгодишно образование). Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручните соработници и родителите на ученикот/ученичката.<br>Нашето училиште строго работи според наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставните планови и програми се достапни како на наставниците така и на родителите. Сите наставници навремено доставуваат годишни планирања. На почетокот на учебната година односно на првата родителска средба родителите општо се запознаваат со наставниот план и прогарама за учебната година.<br>Учениците со наставните планови и програми се запознаваат на првиот час на почетокот на учебната година, поединачно по сите предмети. Се дава можност секој ученик да изврши избор на предмети од изборна настава преку анкетни листови.<br>Советот на родители се запознава со Годишната програма и програмата за екскурзии на својата прва седница , за кои дава свое мислење. Секој наставник индивидуално ја прилагодува програмата за учениците со посебни образовни потреби и изготвува ИОП за секој посебно.<br>За штетните влијаниа на одрдени болести на зависност се даваат информации преку трибини и предавања, но истите треба почесто да се организираат.<br>Сите наставници редовно одржуваат воннаставни активности според годишните планирања.<br>Учениците активно учествуваат во воннаставните активности и на тој начин лично се афирмираат и придонесуваат за афирмација на училиштето.<br>Наставниците користат разни форми и методи на работа и оценување.<br>Училиштето воглавно работи според однапред предвидени активности дефинирани во соодветни правилници. |
| ***Идни активности:***<br>- Поголема ангажираност и вклученост на родителите во наставниот процес.<br>- Иницијатива на наставниците за вклучување на наставниците при ревидирење на наставните програми<br>- Барање за вработување на дефектолог со постојано место на работење во нашето училиште |

***Извори на податоци 1.1.Реализација на наставни планови и програми(анкета за наставници)***

1.1.1.Применувани наставни планови и програми



1.1.2.информираност на родителите за наставните планови и програми(анкета за родители и ученици)




1.1.2.информираност на родителите за наставните планови и програми(анкета за родители и ученици)



1.1.3.приспособување на наставните програми кон деца со посебни потреби

(анкета за наставници)




1.1.4.Избор на наставни предмети

(анкета за ученици )



***1.2.Квалитет на наставните планови и програми***

1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала
-наставните планови и програми
-стручен соработник –лице одговорно за проектот

1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала
1.2.2. –интервју со одделенски и предметни наставници

1.2.3. Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието

1.2.3.-дневници,Годишни и тематски планирања

1.2.4. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми

1.2.4.-анкета меѓу наставници
-анкета меѓу родители
-интервју со координатори
(беа формирани тимови што ќе работат со претставници од мон за усогласување на наставната програма



## *1.3.Учење и настава*

1.3.1. Поддршка и следење на планирањата на наставниците



1.3.2. Индивидуални планирања на наставниците

-анкета со педагог




1.3.3. Размена на искуства и информации при планирањето

- анкета со иб координаторите и лидерите на групите

| Форми | Методи |
|---|---|
| Фронтална | Метод на разговор |
| Индивидуална | Метод на усно излагање |
| Во парови | Работа со текст |
| Групна | Илустриран метот |
|  | Практични и лабораториски вежби |

1.3.4. Распоред на часови

-навремено истакнат на видно место во училиштето

1.3.5. Наставни форми и методи-анкета за наставници




1.3.6. Употреба на ИКТ во наставата - анкета за наставници



1.3.7. Избор на задачи, активности и ресурси




1.3.8. Интеракција меѓу наставниците и учениците - анкета за ученици



1.3.9. Приодот на наставникот кон учениците

-анкета за наставници




-анкета за ученици



1.3.10. Следење на наставниот процес

-интервју со педагог и психолог.

1.3.11. Средина за учење

-интервју со ученици

1.3.12. Атмосфера за учење

-интервју со ученици



1.3.13. Поттикнување на учениците за преземање одговорност-анкета за ученици




1.3.14. Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето



1.3.15. Идентификување на образовните потреби на учениците-анкета за наставници




1.3.16. Почитување на различните потреби на учениците во наставата



1.3.17. Училишна политика за оценување

-интервју со иб координаторите

-записници од одделенски совети

1.3.18. Методи и форми на оценување

-интервју со наставници

1.3.19. Користење на информациите од оценувањето во наставата

-интервју со педагошката служба и со наставниците

1.3.20. Известување на родителите за напредокот на учениците



***1.4.Воннаставни активности***

1.4.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности

-. Педагошка евиденција и документација

- Годишна програма за работа на училиштето

-Програма за дополнителна и додатна настава

1.4.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности

-. идентификациони листи за надарени ученици

1.4.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности

-идентификациони листи за надарени ученици

1.4.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности

- Записници од Наставнички совети
- Благодарници
- пофалници
- Дипломи
- Признанија
- Награди, пехари, медали
- Интервју за наставници,
- Полугодишен и Годишен извештај

| **ПОДРАЧЈЕ 2** | **ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Гордана Букревска**, Кети Христовска, Нина Николовска, Ленче Зајкова, Ненад Наневски, Гордана Стефановска, Катарина Лазаревска |

| **Индикатори за квалитет** | **Т е м и:** |
|---|---|
| Постигања на учениците | 2.1 Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност според наставни предмети, квалификациони периоди и екстерно оценување;<br>2.2 Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност;<br>2.3 Идентификација на учениците со тешкотии во учењето на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>2.4 Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната / додатната настава<br>2.5 Следење на постигањата учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование<br>2.6 Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците |
| Задржување-осипување на учениците | - Опфат на учениците<br>- Редовност во наставата<br>- Осипување на учениците<br>- Премин на учениците од едно училиште во друго |
| Повторување на учениците | - Ученици, кои не ја завршуваат годината |

***2.1 Постигања на учениците***

| | |
|---|---|
| **Теми:** | 2.1.1 Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност според наставни предмети квалификациони периоди<br>2.1.2. Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност<br>2.1.3 Идентификација на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и на учениците со ПОП<br>2.1.4 Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>2.1.5 Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование<br>2.1.6 Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците |
| **Извор на податоци** | |
| Одделенски дневници<br>Годишна програма на училиштето<br>Годишен извештај од педагошко-психолошката служба<br>Евидентни листови за успех и поведение<br>Прегледи за успех од тримесечие<br>Полугодишен и годишен извештај<br>Записници од Наставнички совет и одделенски совети<br>Записници од стручни активи<br>Анкети со наставници , родители и ученици<br>Извештаи од стручна служба<br>Споредбени прегледи од резултати од оценувањето<br>Разговор со стручна служба | 2.1.1 Училиштето ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети, по пол и етничка припадност и екстерно оценување. Наставниците применуваат формативно и сумативно оценување на постигањата на учениците. Учениците од I до III одд. се оценуваат со описни оценки, учениците од IV до VI одд. се оценуваат комбинирано (описно и бројчано), а учениците од VII до IX одд. се оценуваат со бројчани оценки.<br><br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците и тие резултати се сумираат на полугодие и на крајот на учебната година по сите наставни предмети и тоа според полот и етничката припадност на учениците.<br><br>Родителите редовно се известуваат за постигањата на учениците преку родителски состаноци, индивидуални средби и отворени денови, со увид на евидентни листови за успех и поведение на учениците и преку електронскиот дневник. |

| | |
|---|---|
| Програма за додатна и дополнителна настава<br>Годишен извештај од стручна служба<br>Полугодишни извештаи<br>Правилник за видови пофалби, награди и педагошки мерки за учениците и начинот на нивна примена<br>Извештаи за успехот и редовноста и во учебните: 2014/15, 2015/16 год | 2.1.2 Согласно резултатите добиени од анализата на податоци, а со цел подобрување на постигањата на учениците се превземаат следниве активности:<br><br>• Се организираат слободни ученички активности (во одделенска и предметна настава)<br>• Дополнителна настава за ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставата од второ до осмо одделение согласно со распоредот за дополнителна и додатна настава.<br>• Додатна настава за надарени и талентирани ученици од второ до осмо одделение кои од учебната 2015/16 год. влегуваат во редовниот распоред со 2 часа неделно.<br>• Индивидуална образовна програма за деца со посебни потреби<br>• Натпревари: училишни, општински, регионални, државни и меѓународни<br>• Научни екскурзии и излети<br>• Проекти (активна настава и интерактивно учење, описно оценување, ИКТ, стратегии и техники на учење, работа со надарени и талентирани деца, еду бунту, математика со размислување, јазична писменост, животни вештини)<br>• Училишни работилници (новогодишни, велигденски, еколошки, хуманитарни, осмомартовски)<br>• Учество на изложби, посети на музеи, саеми на знаења, театарски и филмски претстави<br><br>Наставниците ги применуваат сите наставни форми со акцент на индивидуализирана настава, групна, настава во парови. Се посетуваат организираните семинари, на кои наставниците стекнуваат професионално искуство и се забележува појасно дефинирање на целите во наставата.<br><br>Поради интересот и потребата на учениците се организираат часови за дополнителна и додатна настава, на кои учениците имаат можност да ги дополнат |

пропуштените содржини и искуства, кои не можеле да ги стекнат на редовните часови, како и ученици кои подолго отсуствувале од наставата поради болест.

Врз основа на анкетите спроведени со учениците може да се согледа дека учениците се задоволни од реализацијата на дополнителната настава на која учениците имаат можност да ги дополнат своите знаења во непосреден и индивидуаилизиран контакт со наставникот и бараат истата да продолжи во континиутет.

За објективно оценување и вреднување на стекнатите знаења на учениците се користат контролни задачи , неформални тестови на знаења и писмени работи. Оценувањето е континуирано со постојано следење на развојот на ученикот со однапред утврдени критериуми за потребното ниво.

За постигнатиот успех од натпревари , конкурси ,настапи учениците редовно и јавно се пофалуваат, а воедно по повод Денот на просветителите 24 Мај јавно се пофалуваат и наградуваат со пригодни награди. На тој начин го промовираме успехот и постигањата на учениците.

Преглед на постигнатиот годишен успех на учениците од IV до IX одделение 2014/15

| Одлични | | Многу добри | | Добри | | Доволни | | Недоволни | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се |
| 117 | 237 | 31 | 81 | 13 | 41 | / | 2 | / | / |

Учениците од I до III одделение се оценети **<u>описно</u>**

Преглед на успехот на учениците по пол и националност од IV до IX одделение 2014/15

| Бр. на ученици | одлични | | мн. добри | | добри | | доволни | | недоволни | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| македонци | 86 | 83 | 35 | 16 | 13 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| бошњаци | 26 | 28 | 5 | 8 | 8 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| албанци | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| роми | 3 | 4 | 8 | 5 | 6 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| турци | 3 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| други | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **вкупно** | **237** | | 81 | | 41 | | 2 | | 0 | |

Преглед на постигнатиот годишен успех на учениците од IV до IX одделение 2015/16

| Одлични | | Многу добри | | Добри | | Доволни | | Недоволни | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се |
| 118 | 244 | 29 | 79 | 5 | 26 | / | / | / | / |

Учениците од I до III одделение се оценети **опишно**

Преглед на успехот на учениците по пол и националност од IV до IX одделение 2015/16

| Бр. на ученици | одлични | | мн. добри | | добри | | доволни | | недоволни | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| македонци | 85 | 84 | 31 | 15 | 9 | 3 | / | / | / | / |
| бошњаци | 28 | 27 | 7 | 8 | 6 | / | / | / | / | / |
| албанци | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| роми | 7 | 3 | 9 | 6 | 4 | 2 | / | / | / | / |
| турци | 3 | 3 | 2 | / | / | / | / | / | / | / |
| други | 2 | / | 1 | / | 1 | 1 | / | / | / | / |
| **вкупно** | **244** | | 79 | | 26 | | / | | / | |

Преглед на постигнатиот годишен успех на учениците од IV до IX одделение 2016/17

| Одлични | | Многу добри | | Добри | | Доволни | | Недоволни | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се |
| 130 | 267 | 21 | 56 | 6 | 19 | / | 2 | / | / |

Учениците од I до III одделение се оценети **описно**

Преглед на годишниот успех на учениците по пол и националност од IV до IX одделение 2016/17

| Бр. на ученици | одлични | | мн. добри | | добри | | доволни | | недоволни | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| македонци | 94 | 88 | 18 | 12 | 5 | 3 | / | / | / | / |
| бошњаци | 26 | 32 | 8 | 5 | 1 | 1 | / | / | / | / |
| албанци | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| роми | 9 | 5 | 8 | 2 | 6 | 2 | 2 | / | / | / |
| турци | 4 | 4 | / | 2 | 1 | / | / | / | / | / |
| срби | 2 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| други | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| **вкупно** | **267** | | 56 | | 19 | | 2 | | / | |

Споредба на успехот во текот на последните три години (од IV до IX одд.)

| **Учебна година** | **Среден успех** |
|---|---|
| 2014 / 2015 | 4,41 |
| 2015 / 2016 | 4,56 |
| 2016 / 2017 | 4,64 |

Споредбен успех на учениците по генерации од IV до IX одделение

| Учебна година | Одд. | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | Сите |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 / 2015 | општ успех | 4,75 | 4,70 | 4,40 | 4,29 | 3,96 | 4,38 | 4,41 |
| 2015 / 2016 | општ успех | 4,78 | 4,76 | 4,65 | 4,53 | 4,32 | 4,36 | 4,56 |
| 2016 / 2017 | општ успех | 4,92 | 4,83 | 4,51 | 4,53 | 4,52 | 4,53 | 4,64 |

Што се однесува до средниот успех по паралелки не се забележуваат поголеми статистички разлики, постои само мала тенденција на зголемување на општиот успех на учениците, што се должи на применување на стандардите за вреднување на постигањата на учениците.

Успехот се должи на ангажманот и залагањето на наставниците за успешен развој на секој ученик и напредување согласно можностите на учениците. Применување на современи стратегии и техники на учење и подучување употреба на ИКТ во наставата, редовно одржување на часови за дополнителна и додатна настава.

| | |
|---|---|
| | • **Идентификација на учениците со тешкотии во учењето на учениците со ПОП** |
| Педагошко-психолошка служба, досиеја на ученици со ПОП | Училиштето има развиен систем и политика за идентификација и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, како и испраќање на учениците во соодветни институции, каде може да добијат помош од логопед, психолог, а истото се решава во соработка со родителите |
| Интервју со педагог / психолог на училиштето | Учениците со ПОП во нашето училиште се примени согласно Законот за основно образование и стандардите што се изготвени во согласност со БРО. За дел од нив имаме соодветен медицински документ, во кој делумно е образложена потребата на ученикот. За учениците со ПОП, наставникот во соработка со стручните соработници изготвува индивидуален образовен план- ИОП, во кој ги планира целите,  кои можат да се реализираат со овие ученици.<br><br>Во интервјуто со наставниците се забележува конфликт на сфаќање и разбирање на начинот на работа со децата со ПОП. Првенствено  наставниците се изјаснија дека се недоволно обучени за работа со деца со ПОП, како и за постапките и начинот на третирање на овие ученици особено при нивното оценување.<br><br>Извештај за учениците со ПОП за учебна 2015/2016 година од педагошко-психолошката служба на училиштето.<br><br>Во учебната 2015/2016 година во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Скопје-Центар настава посетувале 15 ученици со посебни образовни потреби (ПОП) од кои 12 се од машки, а 3 од женски пол  (македонци: 13, 1 – ром, и 1- бошњак) и сите се вклучени во 13 редовни паралелки. |

| | |
|---|---|
| | Од евидентираниот целокупен број на деца со ПОП:<br>❖ 1 е со оштетен (ослабен) вид<br>❖ 1 е со оштетен (ослабен) слух<br>❖ 2 се хронично болни<br>❖ 1 е со Даунов синдром<br>❖ 10 се со комбинирани пречки (повеќе видови пречки)<br><br>Во учебната 2016/2017 година во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Скопје-Центар настава посетувале 13 ученици со посебни образовни потреби (ПОП) од кои 10 се од машки, а 3 од женски пол (македонци: 11, 1 – ром, и 1- бошњак) и сите се вклучени во 12 редовни паралелки.<br>Од евидентираниот целокупен број на деца со ПОП:<br>❖ 1 е со оштетен (ослабен) вид<br>❖ 1 е со оштетен (ослабен) слух<br>❖ 2 се хронично болни<br>❖ 1 е со Даунов синдром<br>❖ 8 се со комбинирани пречки (повеќе видови пречки)<br><br>**Во полето на образованието** за учениците кои имаат потешкотии во реализирањето и совладувањето на редовната програма, стручната служба при училиштето (педагог, психолог) заедно со наставниците и родителите изготвуваат индивидуална образовна програма (ИОП) се со цел да се олесни образовниот процес кај оваа категорија на деца. Покрај образовната поддршка и когнитивната стимулација, кај нив се поттикнува развојот на целокупната психомоторика, внимание, концентрација, како и ориентација во време и објективен простор. Ваквиот начин на работа, соработката помеѓу стручната служба, наставниците и родителите, како и поддршката која децата со ПОП ја |

| | |
|---|---|
| | добиваат од училиштето, допринесува до намалување или надминување на пречките на кои наидуваат во образовниот процес - преку посебни методи и начини на работа децата полесно ги совладуваат наставните цели, со што, кај нив се зголемува нивната мотивација за учење, самодовербата како и желбата за одење во училиште.<br><br>**Во поглед на социјализацијата** преку следење на настава во редовните паралелки, одење на еднодневните излети и екскурзии организирани од самото училиште, како и земањето на учество во бројните училишни претстави и манифестации, децата одлично се вклопуваат во училишната средина, прифатени се од страна на останатите, а со тоа се спречува појавувањето на етикетирање кај децата со ПОП, а се зголемуваат и развиваат нивните социјални вештини.<br><br>Вистински проблем со кој се соочуваат наставниците, а воедно и стручната служба при училиштето е документацијата за децата со ПОП издадена од стручните установи, кои имаат за цел проценка на состојбата и можностите на децата, а воедно и полесно планирање на начинот и методите на работа со овие деца за време на наставата. И покрај придобивките од документацијата, сепак, родителите не секогаш ја приложуваат во училиштето, плашејќи се пред се, од етикетирањето на сопственото дете. |
| Список на освоени награди има во Годишниот извештај за работа на училиштето | .<br>**2.1.4 Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и додатната / дополнителната настава**<br>Постигнувањето на учениците ни е особено важен приоритет во училиштето. Дополнителната и додатната настава ја реализираат сите наставници според планот и програмата во соработка со родителите на учениците кои во текот на редовната настава не постигнуваат задоволувачки резултати, односно постигнуваат натпросечни резултати и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Наставниците користат инструменти за откривање на надарени ученици и активно работат со |

| | |
|---|---|
| Анкета со ученици / наставници | талентираните ученици за што говорат и многу награди од натпревари и конкурси од сите области и предмети.<br><br>На секое тримесечие , полугодие и крајот на годината се сумираат резултатите врз основа на кои се евидентираат постигнувањата на учениците. За учениците кои што имаат потешкотии во учењето се реализираат часови за дополнителна настава, но исто така се разговара со истите за начинот на кој учат (техники и постапки за полесно совладување на материјалот), како и разговори со родителите. Наставниците на почеток на учебната година истакнаа распоред на приемен ден врз основа на кој родителите можат да ги посетат и се консултираат за напредокот на своето дете.<br><br>Задолжително по завршување на тромесечие, полугодие и учебна година се организираат родителски средби на кој се соопштува успехот на учениците, а за учениците што потешко напредуваат, се организираа индивидуални средби на кои се посочуваат причините и слабостите во напредокот на учениците.<br><br>Секоја година посочуваме дека содржините што се предвидени за совладување по програмите за секој предмет се многу обемни. Има голем број на несоодветни термини во учебниците кои согласно хронолошката возраст не одговараат генерациски, а најчесто учебникот е основно средство во домашни услови од кое ученикот учи.<br><br>Наставните цели во програмите по предметите често не кореспондираат со учебниците. Кај родителите често постои незадоволство за обемноста на програмите. Родителите исто така коментираат дека се премногу зафатени и немаат доволно време да посветат на своите деца. Теретот останува на училиштето кое како знае и умее се справува со сите фактори кои влијаат на успехот - постигањата на учениците. Со сите чекори кои што ги превземаме ние сме задоволни од успехот што го постигнуваат нашите ученици на крај од учебната година. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето го поттикнува вклучувањето на учениците во разни воннаставни активности.<br><br>Преку наставата и воннаставните активности учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и културата на другите етнички заедници. За време на воннаставните активности учениците имаат можност да се запознаат непосредно со информациите кои теоретски ги добиваат. Среќни се кога учествуваат на претстави, кои истите ги подготвуваат со наставниците, подготвуваат различни видови на предавања, учествуваат во активности на Црвениот крст, одат на посета во различни видови на институции (театар, кино, балет, културно историски обележја и знаменитости, посета на домот за стари лица во Злокуќани- ,,Мајка Тереза“)<br><br>**2.1.5 Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование.**<br>Следењето е застапено во Полугодишните и Годишните извештаи на училиштето за постигањата на учениците.<br><br>Редовно имаме сознанија дека сите наши ученици го продолжуваат своето образование.<br><br>Стручната служба ги изработува Полугодишните и Годишните извештаи. Го следи напредокот на учениците и нивните постигнувања.<br><br>Учениците и нивните родители се повикуваат на советување доколку има потреба, доколку ученикот има над 100 изостаноци, често боледува или ако се забележуваат отстапки во постигањата за еден определен период битен во развојот на ученикот. |
| Извештај од психолошко -педагошка служба<br><br>Програма за советување на родители | |

***2.2 Задржување - Намалување на бројот на учениците***

| Теми: | **2.2.1 Опфат на учениците**<br>**2.2.2 Редовност во наставата**<br>**2.2.3 Осипување на учениците**<br>**2.2.4 Премин на учениците од едно училиште во друго** |
|---|---|
| Одделенски дневници<br>• Закон за основно образование<br>• Податоци и извештаи од психолошко / педагошката служба<br>• Податоци од одделенски раководители одделенски дневници<br>• Податоци од административна служба (секретарот ) и главна книга<br>• Програма за работа и Извештај за работа на училиштето<br>• Известувања МОН и ДПИ | **2.2.1 Опфат на учениците**<br>Во нашето училиште 100% од учениците го завршуваат образовниот циклус. Од разгледаната документација неколку години наназад евидентно е дека повторување на ученик нема во исто одделение. Во законот за основно образование стои дека детето има право да се запише во училиште по сопствен избор и ние не инсистираме на реонизација при упис во прво одделение. Во однос на опфаќање на учениците во нашето училиште се примаат ученици кои што припаѓаат и на нашиот реон, но и ученици од другите реиони, чиишто родители се изјасниле дека сакаат нивните деца да учат во нашето училиште. |

### 2.2.2 Редовност во наставата

Од досегашните извештаи на одделенските раководители во сите одделенија постојат идентификувани поединци – ученици кои се повеќе подложни на отсуство од училиште поради оправдани и неоправдани отсуства. Овие евидентирани отсуства не се ниту од етичка, ниту од економска природа, а што се однесува до половата припадност евидентно е дека во поголем број се машки ученици. Треба да се спомне дека одделни ученици отсуствуваат на првите часови поради доцнење. И во овој случај поприсутна е машката популација. Сето ова е евидентирано со изостаноци што се гледаат од одделенските дневници.

Оправдани и неоправдани изостаноци се евидентирани во дневниците и извештаите на одделенските раководители. Споредбен преглед за 2014/15 и 2015/16 година:

| **ИЗОСТАНОЦИ** | **2014/2015** | **2015/2016** | **2016/2017** |
|---|---|---|---|
| **оправдани** | 13803 | 10903 | 12574 |
| **неоправдани** | 229 | 205 | 200 |
| **Вкупно** | **14032** | **11108** | **12774** |

**Годишен споредбен преглед на изостаноци за 2014/15, 2015/16 и 2016/2017 год по одделенија.**

| 2014/15 | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| оправдани | 742 | 413 | 1222 | 944 | 696 | 3668 | 1528 | 1627 | 2963 | 13803 |
| неоправдани | / | / | / | / | / | 29 | 19 | 82 | 99 | 229 |
| вкупно | 742 | 413 | 1222 | 944 | 696 | 3697 | 1547 | 1709 | 3062 | 14032 |
| | | | | | | | | | | |
| **2015/16** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **Вкупно** |
| оправдани | 972 | 526 | 782 | 829 | 728 | 1711 | 1865 | 2149 | 1341 | 10903 |
| неоправдани | / | / | / | / | / | 4 | 41 | 57 | 104 | 205 |
| вкупно | 972 | 526 | 782 | 829 | 728 | 1715 | 1906 | 2206 | 1445 | 11108 |
| | | | | | | | | | | |
| **2016/17** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **Вкупно** |
| оправдани | 741 | 531 | 966 | 356 | 1083 | 1352 | 2120 | 3070 | 2355 | 12574 |
| неоправдани | / | / | / | / | / | 13 | 18 | 96 | 73 | 200 |
| вкупно | 741 | 531 | 966 | 356 | 1083 | 1365 | 2138 | 3165 | 2428 | 12774 |

| | |
|---|---|
| | Од горе прикажаниот извештај можеме да заклучиме дека неоправдани изостаноци од I-V нема , додека во предметна настава евидентно е дека неоправданите изостаноци линеарно се зголемуваат со возраста.<br><br>За подобрување на редовноста на учениците превземени се соодветни мерки.<br><br>Училиштето се обидува да најде најразлични модуси да се справи со задржувањето на учениците во училиштето. Пред се, се обидува да го најде генераторот на проблемот, на што се должат изостаноците.<br><br>-Се врши едукација на учениците од страна на класните раководители за важноста на континуирано следење на наставата од страна на учениците.<br><br>-Постојани контакти на класните раководители со родителите на учениците кои отсуствувале од наставата за причините на нивното отсуство.<br><br>-Задолжително барање на медицинска белешка за потврдување на причините поради кое ученикот не бил во можност да ја посетува наставата.<br><br>- Заклучување на училишните врати во 8 часот, мерка која беше превземена поради ненавремено пристигнување на учениците на наставата.<br><br>- Реализација на дополнителна настава со учениците кои подолго отсуствувале од наставата, за полесно совладување на материјата која ја пропуштиле.<br><br>И покрај превземените мерки што во континуитет се спроведуваат секоја година евидентно е дека разликата во намалување на бројот на неоправдани изостаноци е мал.<br><br>На 01.01.2012 година стапија на сила измените на Законот за основно образование објавени во Службен весник на Р. Македонија во кој министерот за образование и наука донесе ПРОГРАМА за советување родители на ученици. |

| | |
|---|---|
| | Во нашето училиште врз основа на горенаведениот закон се спроведува програмата за советување на родители на ученици во основните училишта.<br><br>Одговорен за спроведување на ( програмата ) овие законски измени е психологот на училиштето. Согласно на програмата спроведени се советувања според потребите и поканите што класните раководители и одделенските наставници ги доставиле до психологот на училиштето.<br><br>Успехот и поведението на учениците се предмет на постојана опсервација на училиштето. За таа цел се превземаат и мерки на ученици за несоодветно однесување<br><br>Во текот на **учебната 2014/15 год на полугодие се изречени педагошки мерки за 6 ученици.** Наставничкиот Совет им го намалил поведението од примерно на добро, поради бројот на негативни оцени на учениците. Наставничкиот Совет за повеќе од три негативни оцени го намалува поведението кај секој од учениците во наредниот период. Во третото тримесечие на 2014/15 година, тројца ученици добиле писмена опомена од Одделенскиот совет, изречена заради несоодветно однесување и негативни оцени. Уште на седум ученици им беше намалено поведението од примерно во добро поради повеќе од три негативни оцени, а еден ученик поради несоодветно однесување.<br><br>Во текот на **учебната 2015/16 год во првото тримесечие се изречени педагошки мерки за 12 ученици –** намалување на поведението од примерно на добро, поради бројот на негативни оцени на учениците. На крајот од првото полугодие во учебната 2015/16 намаленото поведение останало кај тројца од учениците. Во трето тримесечие на 2015/16 година, девет ученици добиле намалено поведение поради негативни оцени, а само еден ученик поради неоправдано отсуство со направени повеќе од десет неоправдани изостаноци и негативни оцени. |

| | |
|---|---|
| | Во текот на **учебната 2016/17 год во првото тримесечие се изречени педагошки мерки за 15 ученици –** намалување на поведението од примерно на добро, поради бројот на негативни оцени на учениците. На крајот од првото полугодие во учебната 2016/17 намаленото поведение останало кај 5 од учениците. Во трето тримесечие на 2016/17 година, 3 ученици добиле намалено поведение поради негативни оцени, а 2 ученици поради отсуство со направени повеќе од 100 оправдани изостаноци.<br><br>За овие ученици од раководителите на паралелките и педагошко-психолошката служба во училиштето водена е евиденција, превземени се активности согласно постапките на учениците и изречените педагошки мерки, така што видни се позитивни резултати. Поради настанатите позитивни промени кај учениците на крајот на учебните 2014/15, 2015/16 и 2016/17 година, педагошките мерки, намалување на поведение, беа повлечени.<br><br>За советување на родители во учебната 2014/15 година опфатени се родители на 30 ученици, од кои 4 родители, повикани на советување поради намален успех во учењето, 2 родители – поради нередовно посетување на настава и 24 родители поради несоодветно однесување во училиште.<br><br>За советување на родители во учебната 2015/16 година опфатени се родители на 19 ученици, од кои 2 родители, повикани на советување поради намален успех во учењето и 17 родители поради несоодветно однесување во училиште.<br><br>За советување на родители во учебната 2016/17 година опфатени се родители на 32 ученици, од кои 12 родители, повикани на советување поради намален успех во учењето, 3 родители – поради нередовно посетување на настава и 17 родители поради несоодветно однесување во училиште.<br><br>Некои од советувањата се спроведуваат само со родител и педагошка служба, а некои се групни советувања, на кои присуствуваат и родителите и учениците. |

Исто така изречени се и **педагошки мерки –пофалба** од раководител на паралелка на Одделенски совет за ученици со одличен успех и примерно поведение, севкупни залагања во воспитно образовниот процес и воннаставни активности, кои делуваа мотивирачки што се забележува од прикажаната табела.

| | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** |
|---|---|---|---|---|
| **2014/15** | 12 | 4 | 8 | 12 |
| | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** |
| **2015/16** | 15 | 9 | 3 | 5 |
| | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** |
| **2016/17** | 15 | 12 | 12 | 6 |

| | |
|---|---|
| | **2.2.3 Осипување на учениците**<br>• **Премин на учениците од едно училиште во друго**<br><br>Осипувањето на ученици е незначително.<br><br>Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште (промена на адреса, заминување во странство и сл.) е речиси еднаков со бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште.<br><br>При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот и истите ги зема во предвид при натамошна образовна работа со ученикот.<br><br>Во учебната 2014/15 год. испишани се 11 ученици а новозапишани се 17 ученик.<br><br>Во учебната 2015/16 год. испишани се 26 ученици и 29 новозапишани ученици.<br><br>Во текот на учебната 2016/17 год. испишани се 18 ученици и 11 новозапишани ученици. |

### *2.3 Повторување на учениците*

| **Теми:** | **2.3.1 Ученици кои не ја завршуваат годината** |
|---|---|
| Ниту еден ученик не ја повторува годината повеќе години наназад.<br><br>Во учебната 2016/2017 година 3 ученици од шесто одделение се оставени на продолжителна настава по математика, кои по завршувањето на продолжителната настава беа оценети со оцена доволен 2. Учениците со една, две и три слаби во текот на годината биле повикувани на дополнителна настава . Со родителите на тие ученици е разговарано и предочено за слабостите и пропустите во стекнување на знаењата. Тие ученици ги поправиле слабите оценки и го подобриле успехот на крај од годината. | |

**Ниво при евалуација: многу добро**

**Резултати**

| |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>– Добри резултати по предмети , пол и етничка припадност на крајот од IV до IX одделение.<br>– Учениците може слободно да си ги покажат своите способности и интереси и надвор од часовите со помош на наставниците.<br>– Инволвирање на учениците со посебни потреби во рамките на редовната настава.<br>– Постигнување на високи резултати на натпревари и истакнување на првенец на генерација во IX одделение.<br>– Нема ученици кои не го завршиле образованието. |
| **Слабости**<br><br>– Обучување на наставниот кадар за работа со талентирани ученици и работа со децата со посебни образовни потреби. |

| | |
|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ 3** | **Професионален развој на наставниците , стручните соработници и на раководниот кадар** |
| **Членови на работната група:** | **Нела Радевска**, Симона Пецова, Марина Василева, Дијана И. Ковачевска, Ирена Пановска, Елизабета Христова, Бојана Бачовска |

| **Т е м и:** |
|---|
| 3.1 . Обезбедување на потребен наставен кадар |
| 3.2. Следење и поттикнување на професионалниот развој на наставниот кадар |

***3.1.Обезбедување на потребен наставен кадар***

| **Извор на податоци и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| Список на вработен наставен кадар во училишето<br><br>Годишна програма за работа уч.2015/16, уч.2016/17.<br><br>Правилник за систематизација 2016<br><br>Лични досиеја на вработените.<br><br>Норматив за наставен кадар од наставните планови и програми | **3.1.1Вкупен број на вработени во училиштето:** Вкупниот број на вработени во училиштето е 68, според полот 10 машки и 58 женски. По националност има 64 македонска националност, 1 од ромска националност и 3 од друга националност. Според правилникот за систематизација од 2016г. во училиштето има: **еден** стручен соработник, **еден** педагог, **еден** психолог , **еден** административен работник и **еден** директор, **шест** хигиеничарки, **еден** домаќин и **четириесет и три** наставници.<br><br>Во училиштето со одлука на Директорот, е назначен Помошник директор.Наставниот кадар е групиран во два стручни активи ( еден во одделенска и еден во предметна настава). Во последните две години од страна на општина Центар се ангажирани двајца дефектолози кои се присутни во наставата двапати во неделата и работат со десет ученици со посебни потреби. |

| | |
|---|---|
| Програма за работа на раководниот тим на училиштето (директор, педагог, психолог 2015/16, 2016/17).<br><br>Интервју со директор<br><br>Интервју со секеретар | **Преглед на наставен кадар според видот на работниот однос**:<br><br>- од вработените 49 се на неопределено работно време, а 6 на определено работно време (договор на дело).<br><br>**3.1.2 Ефективност и распоредување на кадарот**<br><br>Наставниот кадар има соодветна стручна подготовка според Нормативот за наставен кадар, за секое работно место.Со Висока стручна подготовка се 54 , со Виша стручна подготовка 3, со Средно образование нема, а со титули се двајца Доктори на науки и двајца Магистери.<br><br>Досиеа за вработени стојат во документацијата кај секретарот и по потреба се дополнуваат и ажурираат.<br><br>Од интервјуто со директорот на училиштето може да се заклучи дека како најважен критериум за вработување на наставник е исполнување на условите согласно Нормативот за наставен кадар . Директорот констатира дека сите наставници ги исполнуваат условите предвидени со Законот за основно образование. При распределбата на часови, директорот внимава таа да биде рамномерна, сите наставници да добијат полн фонд на часови, а распределбата на работните задача се прави согласно стручната оспособеност и потребите на училиштето. Во случај на пократко отсуство на наставниот кадар директорот го прилагодува распоредот на часови во договор со наставниците. Кога се работи за подолго отсуство, се доставува Барање за согласност до Општината за испраќање на соодветен стручен наставен кадар.<br><br>Наставниот кадар перманентно се обучува преку семинари, обуки, стручни усовршувања, дисеминации, посети на други институции и сл. |

| | |
|---|---|
| | Од интервјуто со секретарот на училиштето константирано е дека се почитува законот, правилниците и нормативите во врска со распоредувањето и работата на наставниот кадар . Документите на вработените редовно се ажурираат и перманентно се дополнуваат.<br><br>**3.1.3 Стручната служба како поддршка на наставниот кадар**<br><br>Училиштето има **стручна служба** составена од **педагог, психолог и стручен соработник.** Овој тим им помага на наставниците во организацијата на наставата, перманентно го следат развојниот напредок на учениците. Службата се справува со училишните проблеми на индивидуално и групно ниво. Овој тим е член на тимот на професионален развој на наставниците, при што им дава стручна поддршка на истите. Со флексибилноста на работата, службата е секогаш отворена за соработка, комуникација со сите субјекти во училиштето. |

***3.2 Следење и поттикнување на професионалниот развој на наставниот кадар***

| **Собирање на податоци, обработка на документи** | |
|---|---|
| Годишна програма на работа<br><br>Годишна програма за професионален развој на наставниците<br><br>Полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето | Професионалниот развој на наставниот кадар е есенцијална , егзистенцијална категорија во едукативната практика .Тој е перманентен , интегративен процес во насока на долготрајно учење и практична работа .Преку овој тековен развој наставниците ја осознаваат и имплементираат комплексноста на својата мултидимензионална улога која преку своите рефлективни вештини ја анализираат и подобруваат сопствената практична настава.<br><br>Во овој контекст во учебната 2016/2017 се формира тим за професионален развој со цел поттикнување , градење процесуален тек на професионалниот развој на сите сите стручни субјекти во училиштето.Членови на тимот се стручната служба , наставници |

| | |
|---|---|
| Записници од стручни активи инвентар на книга од библиотека<br><br>Записници и одлуки од наставнички совет<br><br>Професионални досиеја на наставниците и стручните соработници<br><br>Портфолија на наставниците<br><br>Педагошки картон на наставниците | од одделенска и предметна настава. Основна карактеристика на тимот за професионален развој поседување висок степен на развиеност на педагошка култура, а во насока на пренесување на истата на сите учесници во училиштето.<br><br>Овој тим со своето работење ги идентификува развојните потреби од стручното усовршување на кадарот. Тимот со својата програма го планира идното професионално учење на наставниот кадар со стручни инструкции , насоки ги мотивира наставниците да направат личен развоен план.Како медијатор  ги иницира наставниците на творечка работа преку имплементирани креативни модели на настава.<br><br>Тимот со наставниците остварува интерактивна отворена соработка , а и водат конструктивни дијалози, дискусии , дебати.Овој тим го  иницира функционирањето на стручните активи , како и аналитички ги следи отворените нагледни часови на наставниците и ги евидентира во записници.Овој тим тим на професионален развој води сметка за збогатување на стручната литература во училишната библиотека чии вкупен книжевен фонд е 17332, од кои стручната литература за кадарот изнезува 1670 книжевен фонд. СО ова се поттикнуваат наставниците да користат стручна литература од библиотека .<br><br>Тимот на професионален развој перманентно следи семинари , обуки, проекти и ги дисеминира на наставниците .<br><br>Овој тим се грижи за младите наставници /приправници , при што со одлука на наставничкиот совет се одредуваат нивни ментори  кои системно ќе ја насочуваат и следат нивната работа , нивниот процесен напредок , развој.<br><br>Во оваа смисла за сложеноста , комплексноста на ова подрачје извршено е истражување –анкетирање на 53 наставници и стручната служба со цел испитување на ставовите на наставниците за потребата и примената на професионалниот развој на стручниот кадар. |

Во однос на првото прашање за потребата од дополнителни стручни усовршувања испитаниците го дале следниот одговор

**Табела број 1** Потреба од дополнителни стручни усовршувања

| алтернативи | фрекфенција | процент |
|---|---|---|
| Имам | 36 | 67,92 |
| Немам | 14 | 26,41 |
| Не одговориле | 3 | 5,66 |

Од табелава се констатира дека повеќе испитаници сметаат дека е потребно дополнително стручно усовршување.

Во истражувањето испитаниците одговорија од кој вид обуки за стручно усовршување имаат потреба:

- Обука за оценување
- Обука за примена на наставни техники
- Обука за работа за деца со посебни потреби
- Семинари по историја
- Обука за развивање на морални вредности(начини)
- Обука за мотивација
- Обука за работа со компјутери
- Обука за  усвојување и говорење на англиски јазик
- ИКТ , Програмирање, алгоритми
- Математички работилници(совладување на Кембриџ програмата)
- Музички работилници
- Работилници за јазична писменост

| | |
|---|---|
| | • Учество на научни саеми во рамките на подрачјето природни науки<br>• Обука за примена на СМАРТ таблата во реализација на наставните содржини<br>• Иновативни пристапи за работа на психологот , оценување на ученици и наставници<br>• Обука за примена поинтерактивна настава<br>• Обука од областа на ликовното образование<br>• Обука за меѓупредметна интеграција<br>• Обука за организациски вештини<br>• Обука за нови пристапи кон методологијата во наставата<br><br>Второто прашање се однесува на вештините ставовите кои треба да се развиваат следната учебна година.<br><br>Испитаниците ги истакнаа следниве елементи:<br><br>➢ Општествени вештини<br>➢ Комуникациски вештини<br>➢ Почитување<br>➢ Соработка<br>➢ Одговорност<br>➢ Вештини на самоуправување<br>➢ Изготвување инструменти<br>➢ Инструменти за истражување на наставната практика<br>➢ Методи за спроведување на морални норми<br>➢ Опшествено- социјални,самоуправувачки, емоционални, истражувачки вештини<br>➢ Вештини за предметот работа со компјутери и програмирање<br>➢ Вештини за размислување<br>➢ Вештини за планирање и раководење<br>➢ Информатички , медиумски и технолошки вештини<br>➢ Лидерски вештини<br>➢ Методи за мотивација на учениците |

Од истакнативе елементи за усвојување во следната учебна година се согледува дека испитаниците сакаат да ги прошират своите знаење, умеења, разбирања и сл.

Третото прашање се однесува на идентификување на потребите од стручно усовршување на кадарот

**Табела број 2** Потреби од стручно усовршување

| алтернативи | фрекфенција | процент |
|---|---|---|
| Да | 25 | 47,16 |
| Понекогаш | 23 | 43,40 |
| Не | 5 | 9,43 |
| Вкупно | 53 | 99,99 |

Од табелава се потврдува дека училиштето , односно тимот за професионален развој ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот.

Четвртото прашање се однесува за мислењето на испитаниците за воспоставениот систем на дисеминација на стекнатото знаење добиено преку обуки за наставниците.

**Табела број 3** Воспоставен сиситем на дисеминација

| алтернативи | фрекфенција | процент |
|---|---|---|
| Да | 32 | 60,37 |
| Понекогаш | 18 | 33,96 |
| Не | 2 | 3,77 |
| Не одговориле | 1 | 1,89 |
| Вкупно | 53 | 99,99 |

Од податоците на табелата поголем дел од испитаниците сметаат дека во училиштето има воспоставено систем на дисеминација на стекнатото знаење добиено преку обуки за наставниците. Оваа одговорна работа во училиштето ја иницира и реализира тимот за професионален развој.

Петтото прашање се однесува за постоење на инструменти за следење на стекнатите знаења од стручното усовршување на вработените.

**Табела број 4** Инструменти за следење

| алтернативи | фрекфенција | процент |
|---|---|---|
| Да | 27 | 50,94 |
| Не | 21 | 39,62 |
| Не одговориле | 5 | 9,43 |
| Вкупно | 53 | 99,99 |

Од податоциве се согледува дека испитаниците сметаат дека постојат инструменти за следење во училиштето.

Шестото прашање се однесува на организирањето на тимска работа .

**Табела број 5** Тимска работа

| алтернативи | фрекфенција | процент |
|---|---|---|
| Да | 30 | 56,60 |
| Понекогаш | 22 | 41,51 |
| Не | 1 | 1,88 |
| Вкупно | 53 | 99,99 |

Од табеларните податоци се согледува дека во училиштето постои тимска работа поттикната од тимот за професионален развој

Седмото прашања се однесува на мислењето за стручните активи кои мотивираат за стручно усовршување

**Табела број 6** Работа на стручни активи

| алтернативи | фрекфенција | процент |
|---|---|---|
| Да | 28 | 52,83 |
| Понекогаш | 20 | 37,73 |
| Не | 5 | 9,43 |
| Вкупно | 53 | 99,99 |

Од податоцive се констатира позитивното мислење на испитаниците за функционирањето на стручните активи  кои мотивираат за понатамошно стручно усовршување, а оваа сложена активност ја реализира тимот за професионален развој.

Осмото прашање се однесува за потребата за стручно пишување и објавување стручни трудови  во стручни списанија , социјални мрежи и слични едукативни форми.

**Табела број 7** Потреба за стручно пишување

| алтернативи | фрекфенција | процент |
|---|---|---|
| Да | 12 | 22,64 |
| Понекогаш | 28 | 52,83 |
| Не | 13 | 24,52 |
| Вкупно | 53 | 99,99 |

Од табелава се согледува дека поголем дел од испитаниците сметаат дека понекогаш имаат потреба за стручно пишување и објавување стручни трудови во стручни списанија.

Деветтото прашање истакнува мислење за потреба од нова стручна литература

**Табела број 8** Потреба од нова стручна литература

| алтернативи | фрекфенција | процент |
|---|---|---|
| Имам | 42 | 79,24 |
| Немам | 7 | 13,21 |
| Не одговориле | 4 | 7,54 |
| Вкупно | 53 | 99,99 |

Најголем дел од испитаниците ја сметаат потребата од нова стручна литература  и наведуваат од која област имаат потреба:

- Ликовна уметност,историја на уметност,методика на ликовна уметност
- Природни науки
- Современи техники и стратегии на учење
- Современи техники на учење
- Лектири и списанија за развивање на интересите на учениците за учење
- Книжевност јазик
- Странски јазици
- Збирки задачи , работни тетратки
- Прирачници за наставници за усовршување на развојот  на наставникот
- Програмирање и природни науки
- Од областа на мотивацијата во образованието
- Енциклопедии од областа на астрономијата
- Научни истражувања и сл.

Десеттото прашање се однесува на користењето на стручна литература од библиотеката

**Табела број 9** Стручна литература од библиотека

| алтернативи | фрекфенција | процент |
|---|---|---|
| Да | 28 | 52,83 |
| Понекогаш | 20 | 37,73 |
| Не | 4 | 7,54 |
| Неоговорено | 1 | 1,89 |
| Вкупно | 53 | 99,99 |

Од податоците може да се согледа дека испитаниците често ја користат стручната литература од библиотеката

Единаесеттото прашање се однесува на сеопфатноста на комјутерската опрема што е на располагање на училиштето

**Табела број 10** Компјутерска опрема

| алтернативи | фрекфенција | процент |
|---|---|---|
| Да | 27 | 50,94 |
| Не | 24 | 45,28 |
| Не одговориле | 2 | 3,77 |
| Вкупно | 53 | 99,99 |

Од статистичкиве показатели се констатира дека поголем дел од испитаниците се задоволни од компјутерската опрема во училиштето

Дванаесеттото прашање го истакнува значењето на задоволување на потребите за изведување на ИКТ во наставата

**Табела број 11** ИКТ во наставата

| алтернативи | фрекфенција | процент |
|---|---|---|
| Да | 26 | 49,05 |
| Не | 24 | 45,28 |
| Не одговориле | 3 | 5,66 |
| Вкупно | 53 | 99,99 |

Повеќето испитаници сметаат дека училиштето со својата компјутерска опрема ги задоволува потребите за изведување на ИКТ во наставата.

**Резултати**

| |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br>• Директорот , наставниците , стручните соработници имаат позитивни ставови за професионално стручно усовршување.<br>• Тимот за професионален развој  континуирано ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот<br>• Тимот за професионален развој  има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење добиено преку обуки за наставниците<br>• Во училиштето се организира тимска работа<br>• Тимот за професионален развој  ги иницира стручните активи  за стручно усовршување<br>• Кадарот има интерес за нова стручна литература<br>• Библиотеката располага со поголем фонд на разновидна  литература за ученици и наставници<br>• Компјутерската опрема во училиштето ги задоволува училишните потреби<br>• Училиштето ги задоволува потребите за изведување на ИКТ во наставата<br>• Водење на педагошки картон и професионално досие за сите наставници |
| **Слаби страни**<br>• Отсуствува потребата и заинтересираноста за стручно пишување и објавување стручни трудови<br>• Отсуствува механизам за доделување признанија на наставници |
| **Идни едукативни активности**<br>• Тимот на професионален развој  иницира , следи , набавува стручна литература за наставниот кадар и за учениците<br>• Активно учество на разновидни семинари , обуки , проекти  за унапредување на наставниот процес<br>• Израбтка на електронски признанија за наставниците |

| **ПОДРАЧЈЕ 4** | **УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Весна Миливојевиќ**, Вера Петровска, Мирјана Јаневска, Гордана Д. Чеперковиќ, Благица Димчева, Чедомир Паневски, Јелена Брауновиќ |

| **Индикатори за квалитет** | **Т е м и:** |
|---|---|
| 4.1 Управување и раководење со училиштето | 4.1.1. Управување со училиштето<br>4.1.2. Раководење со училиштето |
| 4.2 Цели и креирање на училишна политика | 4.2.1. Јасност и соодветност на целите<br>4.2.2. Процедури за креирање на училишната политика |
| 4.3 Развојно планирање | 4.3.1. Цели на развојно планирање<br>4.3.2. Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>4.3.3. Материјално-технички средства<br>4.3.4. Инфраструктура |
| 4.4. Сместување и просторни капацитети | 4.4.1. Просторни услови |
| 4.5. Наставни средства и помагала | 4.5.1. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>4.5.2. Училишна библиотека<br>4.5.3. Потрошен материјал |
| 4.6. Финансиско работење на училиштето | 4.6.1. Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>4.6.2. Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

### *4.1 Управување и раководење со училиштето*

| **4.1.1. Управување со училиштето**<br>**4.1.2. Раководење со училиштето** | |
|---|---|
| **Извор на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| Закон за основно образование;<br><br>Статут на училиштето;<br>Годишна програма за работа на УО;<br><br>Деловник за работа на УО;<br><br><br><br>Записници од одржаните седници на УО;<br><br>Записници од одржани Наставнички совети;<br><br><br>Записници од одржани состаноци на Одделенските совети за (одделенска и предметна настава);<br><br>Документи за професионален и кариерен развој;<br>Годишен извештај на училиштето;<br>WEB срана;<br>Брошура за училиштето;<br>Инструменти за вреднување на воспитно- образовниот кадар; | 4.1.1. Управување со училиштето<br>Врз основа на Законот за основно образование чл. 124, став 1 Орган на управување на основното училиште е Училишниот одбор.<br>Неговата улога е дефинирана со закон. По својата структура,училишниот одбор е колегијален орган т.е. составен е од повеќе членови. Училишниот одбор е составен од 9 (девет)члена и тоа:<br>-двајца претставници на основачот (општината);<br>-тројца претставници на родителите на учениците;<br>-тројца претставници на наставниците;<br>-еден претставник на Министерството за образование и наука;<br>Мандатот на членовите на УО е три години. ( Член 124, ст.3 од Законот за основно образование)<br>Во задачата на училишниот одбор се опфатени областите: визија на училиштето, избор на клучен персонал, финансиски надзор, следење на квалитетот,оценувањето и благосостојбата на учениците, подобрување на односите со централната и локалната власт,поддршка во воннаставни активности, собирање средства, одлучува по предлози за нови наставни програми поднесени од МОН.<br>Училишниот одбор ги има следните надлежности, пропишани со закон:<br>-го донесува Статутот на Училиштето;<br>-ја предлага Годишната програма за работа на Училиштето до Советот на Општината<br>-изготвува Извештај за работа на Училиштето и го предлага до Советот на Општината<br>-предлага Финансиски план до основачот (до Советот на Општината) ;<br>-предлага Завршна сметка до основачот ; |

| | |
|---|---|
| | -објавува јавен оглас за избор на директор на училиштето;<br>-прави интервју со кандидатите за директор и му предлага кандидат на градоначалникот ;<br>-дава мислење до директорот за избор на наставници;<br>-одлучува по приговори и жалби на вработените во училиштето и од ученици, родители (старатели) на учениците;<br>-изготвува годишна програма за работа на УО;<br>Училишниот одбор работи на седници, кои ги свикува претседателот во рок предвиден со Годишната програма за работа на УО.<br>На сите седници присуствуваат повеќе од половина членови, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на УО.<br>УО на училиштето има карактеристики на ефективен УО кои се воочуваат во:<br>-фокусирање на подобрување на учењето и успехот на учениците;<br>-промоција на значајно вклучување на родителите и на заедницата;<br>-активна вклученост во поставувањето на приоритетите на училиштето;<br>-негување заедничка почит, доверба и разбирање;<br>-јасно разбирање на улогите и на одговорностите на УО и на раководството на училиштето;<br>-заедничка визија за успехот на учениците;<br>-одржување на високи етички стандарди;<br>-воспоставеност на јасна и отворена комуникација;<br>Во текот на своето работење од уредно водените записници на секоја од седниците е констатирана континуирана редовност на членовите претставници на наставниците, родителите и МОН. Седниците ги раководи Претседателот, а редовно присутен е и Раководниот орган- директорот на училиштето.<br>Седниците на УО ги свикува претседателот на УО.<br>Седниците на Одделенските и Наставничкиот Совет ги свикува и со нив раководи директорот. Седниците на Советот на родители ги поттикнува и свикува претседателот на Совет на родители и раководи со нив.<br>УО своите одлуките кои ги донесува не се во споротивност со одлуките донесени на Советот на родителите и на одлуките на Наставничкиот совет. |

| | |
|---|---|
потполно се согласувам одговориле 2 или 50%, со воглавно се согласувам одговориле 0, со делумно се согласувам одговориле 1 или 25%, а со не се согласувам и немам одговор одговориле 1 или 25%.

8. На прашања за директор, стручни соработници и администрација (секретар): Дали училиштето има потпишано меморандум за соработка со граѓански здруженија? од вкупно 4 испитаници со потполно се согласувам одговориле 2 или 50%, со воглавно се согласувам одговориле 0, со делумно се согласувам одговориле 1 или 25%, а со не се согласувам и немам одговор одговориле 1 или 25%.
9. На прашања за директор, стручни соработници и администрација (секретар): Дали преку организирани предавања, трибини и извршени посети, учениците се запознаваат со одредени дејности од бизнис секторот? од вкупно 4 испитаници со потполно се согласувам одговориле 2 или 50%, со воглавно се согласувам одговориле 1 или 25%, со делумно се согласувам одговориле 1 или 25%, а со не се согласувам и немам одговор одговориле 0.
10. На прашања за директор, стручни соработници и администрација (секретар): Дали училиштето остварува соработка со бизнис секторот за поуспешна реализација на практичната настава (за учениците од средните стручни училишта)? од вкупно 4 испитаници со потполно се согласувам одговориле 0, со воглавно се согласувам одговориле 0, со делумно се согласувам одговориле 3 или 75%, а со не се согласувам и немам одговор одговориле 1 или 25%.

***Анекс на подрачјето за Комуникација и односи со јавноста кој се однесува на***

***имплементација на ИБ програмата***

Во нашето училиште во период од април 2013 до април 2017 се имплементираше меѓународната ИБ програма. Со одлука на трите стручни тела во училиштето: Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор оваа програма беше укината. Со одлука  на Советот на општина Центар,исто така се укина имплементацијата на ИБ програмата во училиштето, за што беше информирано и МОН.

Податоците поврзани со самоевалуацијата за ИБ програмата кои се однесуваат на ова подрачје се следните:

***Анкетен прашалник за родители - 15 испитаници***

1. На прашањето Колку бевте задоволни од одделенските раководители при запознавање со имплементирање на ИБ програмата? Од вкупно 15 испитаника, 5 испитаника или 33 % одговориле со целосно сум задоволен, 5 испитаника или 33% одговориле со делумно сум задоволен и 5 испитаника или 33 % одговориле со не сум задоволен.
2. На прашањето Колку бевте задоволни од транспарентноста на МОН и БРО во имплементирање на ИБ програмата? Од вкупно 15 испитаника, 1 испитаник или 1% одговорил со целосно сум задоволен, 14 испитаника или 99% одговориле со не сум задоволен.
3. На прашањето Колку бевте задоволни од транспарентноста на комуникацијата со координаторите во имплементирање на ИБ програмата? Од вкупно 15 испитаника, 1 испитаник или 1% одговориле со целосно се согласувам, 1 испитаник или 1% одговориле со делумно се согласувам, 13 испитаника или 98% одговориле со не сум задоволен.

***Анкетен прашалник за наставници – 20 испитаници***

1. На прашањето Колку бевте задоволни од комуникацијата со ИБ координаторите? Од вкупно 20 испитаника, 2 испитаника односно 10% одговориле целосно сум задоволен, 4 испитаника или 20% одговориле делумно сум задоволен, 14 испитаника или 70% одговориле не сум задоволен.
2. На прашањето Колку бевте задоволни од комуникацијата наставник-наставник при имплементација на ИБ програмата? Од вкупно 20 испитаника, 3 испитаника или 15% одговориле целосно сум задоволен, 10 испитаника или 50% одговориле делумно сум задоволен, 7 испитаника или 35% одговориле не сум задоволен.
3. На прашањето Колку бевте задоволни од начинот на водење на педагошката евиденција според ИБ програмата? Од вкупно 20 испитаника 2 испитаника или 10% одговориле целосно сум задоволен, 18 испитаника или 90%одговориле не сум задоволен.
4. На прашањето Колку бевте задоволни од транспарентноста на комуникацијата со МОН, БРО и ДИЦ при имплементација на ИБ програмата? Од вкупно 20 испитаника , 2 испитаника или 10% одговориле со целосно сум задоволен, 18 испитаника или 90% одговориле не сум задоволен.

***Анкетен прашалник за ученици – 20 испитаници***

1. На прашањето Колку бевте задоволни од начинот на објаснување на наставните содржини според методите на ИБ програмата ? Од вкупно 20 испитаника , 2 испитаника или 10% одговориле не сум задоволен , 2 испитаника или 10 % одговориле делумно сум задоволен , 16 испитаника или 80% не сум задоволен .
2. На прашањето Колку бевте задоволни од комуникацијата наставник – ученик при имплементација на ИБ програмата? Од вкупно 20 испитаника 2 испитаника или 10 % одговориле делумно сум задоволен , 18 испитаника или 90% не сум задоволен.
3. На прашањето Колку бевте задоволни од тоа како ИБ програмата влијаеше врз подобрување на вашите општи знаења ? Од вкупно 20 испитаника , 2 испитаника или 10% одговориле делумно сум задоволен , 18 испитаника или 90% не сум задоволен.

***Анкетен прашалник за наставници – 20 испитаници***

1. На прашањето Колку бевте задоволни од постигањата на учениците при совладувањето на содржините работени според ИБ програмата (методот) ? Од вкупно 20 испитаника , 2 испитаника или 10 % одговориле целосно сум задоволен , 2 испитаника или 10 % одговориле делумно сум задоволен , 16 испитаника или 80 % не сум задоволен .
2. На прашањето Колку бевте задоволни од соработката со наставниците од другите ИБ училишта во Р. Македонија ? Од вкупно 20 испитаника , 2 испитаника или 10 % одговориле делумно сум задоволен , 18 испитаника или 90% не сум задоволен.
3. На прашањето Колку бевте задоволни од соработката со наставниците од вашето училиште според ИБ програмата ? Од вкупно 20 испитаника , 2 испитаника или 10% одговориле целосно сум задоволен , 2 испитаника или 10 % одговориле делумно сум задоволен ,16 испитаника или 80 % не сум задоволен .
4. На прашањето Колку бевте задоволни од стручните обуки за ИБ програмата ? Од вкупно 20 испитаника , 2 испитаника или 10% одговориле делумно сум задоволен , 18 испитаника или 80% не сум задоволен .
5. На прашањето Колку бевте задоволни од компктибилноста на ИБ методите со наставните содржини од националната програма ? Од вкупно 20 испитаника , 2 испитаника или 10% одговориле целосно сум задоволен , 2 испитаника или 10% одговориле делумно задоволен , 16 испитаника или 80% не сум задоволен.

**Клучни јаки страни**

- Постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените
- Вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот и учествуваат во процесот на донесување одлуки
- Вработените имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритет
- Стручните соработници даваат целосна поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско, процесно планирање и оперативен план на часот
- Врши посета на наставни часови кај секој наставник
- Врши редовна дисеминација на обука за сите воведени новини и измени
- Наставникот добива поддршка при реализација на редовна, дополнителната и додатна настава, отворени часови и вонnаставни активности.
- Заеднички ги идентификуваат децата со ПОП, емоционални и други потешкотии. Дава поддршка при решавање на конфликтни ситуации.
- Постои соработка помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети и тие разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи.
- Постои соработка при реализација на отворени часови, се врши редовна дисеминација по спроведени обуки/семинари на ниво на училиште.
- Се остварува соработка со наставници од други училишта од општината.
- Административниот-технички персонал обезбедува навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените.
- Постои достапност до сите информации за непречено реализирање на работните обврски на сите вработени.
- Се води грижа за степенот на хигиена во училиштето.
- Редовно се одржуваат планираните состаноци на НС на кои се даваат конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето.
- Се даваат предлози за подобрување и дополнување на наставните планови и програми, воведување на нови струки, профили и сл.
- Состаноците на Совет на паралелки-одделенски совети се одржуваат согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето и од страна на наставниците се даваат конструктивни предлози за подобрување на наставниот процес, подобрување на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.

- За овие постигања се вршат редовни анализи како поедеинечно, на ниво на паралелка, така и на ниво на училиште
- Се првземаат активности со кои се подобрува квалитетот на наставата и стандардите, критериумите за оценување.
- Наставниците имаат затворена група на ФБ каде споделуваат мислења и искуства од нивното работење.
- Со цел подобрување на квалитетот и ефективноста на работењето на училиштето формирани се и работат: Тим за Меѓуетничка интеграција во образованието и инклузивен тим за децата со ПОП, тимови за колаборативно планирање и сл.
- Постои одлична соработка меѓу наставниците и учениците преку која може да се согледа состојбата, условите и климата за работа, резултатите, успесите и предизвиците со кои се соочува секое училиште.
- Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето.
- Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка. За време на часовите се превземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа.
- За напредокот и постигањата се дава редовна усна и писмена повратна информација, а постои и можност за помош и поддршка на учениците со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии.
- На транспарентен и демократски начин се врши изборот на претставниците во ученичката заедница.
- Постои меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини.
- Се превземаат иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми.
- За почитување на различностите се организираат трибини и други активности. Наставниците редовно ги поттикнуваат и мотивираат учениците да се вклучат во воннаставни активности и разновидни натпревари.
- Учениците се задоволни од понудените изборни предмети.
- Помеѓу момчињата и девојчињата постои пријателски однос и сите заеднички придонесуваат за одржување на хигиената во училиштето, како и за зачувување на животната средина чиста и еколошка.
- Учениците доволно се информирани за работата што стручните соработници ја извршуваат во училиштето и затоа имаат слобода да побараат помош и поддршка доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии во и надвор од училиштето.
- Се даваат редовни имформации и се спроведуваат активности при професионалната ориентација и одредување на идното занимање.За подобрување на успехот, редовноста и дисциплината се организираат советувања за учениците.
- Родителите се задоволни од содржините кои ги изучуваат содржините и истите одговараат на нивната возраст.

- Редовно се информирани за постигнувањата и ги следат преку Е – дневникот.
- Постигнато е соодветно вреднување и следење на индивидуалните способности на учениците.
- Задоволни се од понудените изборни предмети.
- Учениците се безбедни во училиштето и со задоволство доаѓаат на настава.
- Задоволни се од функционирањето и квалитетот на храната .
- Родителите се задоволни од соработката со претставниците на Советот на родители, СС и управувањето и раководењето на училиштето.
- Постои активна вклученост на родителите во организација и предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми.
- Постои континуирана соработка со релевантните институции (МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ).
- Се остварува соработка со ЛС преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето. Постои соработка со јавни установи во области од ниевен домен.
- Соработката со граѓански здруженија и донатори се остварува со реализација на одредени проекти, акции и слично.
- Училиштето остварува соработка со бизнис секторот.

**Слаби страни**

- Имплементација на IB програмата

**Анализа на резултатите:**

Врз основа на анализата на резултатите од обработените анкетни прашалници, констатирано е дека во нашето училиште постои добра соработка на ниво на училиште, а тоа подразбира комуникација помеѓу директорот, стручната служба и наставниците.Вработените се информирани за преземените активности од страна на директорот, а од стручната служба редовно добиваат помош и поддршка при изработка на годишно, тематско, процесно планирање и оперативен план на часот. Заеднички ги идентификуваат децата со ПОП, емоционални и други потешкотии. Стручната служба дава поддршка при решавање на конфликтни ситуации. На ниво на училница постои одлична соработка помеѓу наставниците и учениците, како и помеѓу самите наставници. Што се однесува до комуникацијата со окружувањето, нашето училиште редовно соработува со родителите на учениците, институциите од централно ниво (МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ.), Локалната самоуправа – Градоначалник, општински совет и јавни установи, има комуникација со други образовни институции во РМ и странство, со граѓански здруженија и донатори, а комуницира и со бизнис сектор.

**Идни активности:**

- Во иднина нашето училиште ќе се стреми да ја продлабочува комуникацијата со институциите и да ја постави истата на повисоко ниво
- Интензивирање на промотивните активности поврзани со работата на училиштата

| **ПОДРАЧЈЕ 6** | **УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Даниела Крстевска**, Данче Гиговска, Мери Ќурчиева, Горица Бошковска, Маја Јакимовска, Маја Бутлевска, Весна Ч. Трифуновска |

| **Индикатори за квалитет** | **Т е м и:** |
|---|---|
| 6.1 Училишна клима и односи во училиштето | 6.1.1 Углед/имиџ на училиштето<br>6.1.2 Кодекс на однесување<br>6.1.3 Училишна клима<br>6.1.4 Поведение и дисциплина во училиштето<br>6.1.5 Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| 6.2 Промовирање на постигањата | 6.2.1 Промовирање на личните постигања на учениците<br>6.2.2 Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| 6.3 Еднаквост и правичност | 6.3.1 Познавање на правата на децата<br>6.3.2 Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>6.3.3 Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |

### *6.1. Училишна клима и односи во училиштето*

| **Теми:** | **Углед/имиџ на училиштето**<br>**Кодекс на однесување**<br>**Училишна клима**<br>**Поведение и дисциплина во училиштето**<br>**Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки** |
|---|---|
| **Извор на податоци** | **Констатирана состојба(кои информации се собрани?)** |
| -Годишна програма на училиштето<br>-Годишен извештај на училиштето<br>-Кодекс на однесување<br>-Куќен ред<br>-Анкети со наставници, родители и ученици<br>-Педагошка евиденција за изречените педагошки мерки во одделенскиот дневник и записници од наставнички совет<br>-Евиденција на стручните службени извешти<br>-Статут на училиштето<br>-Правилник за оценувањето,напредувањето, полагањето на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците<br>-План за работа на одделенската заедница,<br>-План за работа на Ученичкиот парламент<br>-Записници од одржани | 6.1.1 Училиштето е препознатливо по својот напор да го одржи високиот квалитет на работа и постигања на нашите ученици во сите области на нивното интересирање. Голем број од наставниците во нашето училиште професионално и квалитетно ја извршуваат својата воспитно образовна дејност. Ваквиот начин на работа придонесува да се постигнат високи образовни резултати во областа на наставните и воннаставните активности, со што се зголемува угледот и имиџот на училиштето. Угледот – имиџот се гради преку реализирање на квалитетна настава; организирање разновидни воннаставни активности, проекти и изложби, освојување многубројни награди на различни натпревари; промовирање на постигањата на учениците како и реализираните активности преку: ТВ куќи (медиуми), веб страна на училиштето и на Општината, социјалните мрежи, соработка со локалната средина и институциите; рекламен спот; постери и брошури за упис на првачиња. Училиштето има јасно дефинирана мисија и визија истакнати на видни места во училиштето. Применувајќи современи техники и стратегии на учење и поучување ги оспособуваме учениците за активно учество во воспитно-образовниот |

| | |
|---|---|
| состаноци на Ученичкиот парламент и ученичката заедница<br>-Анкетен лист за ученици<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>- Анкетни листови за наставници, ученици и родители<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>- Состаноци<br><br><br><br><br>- Дебати – Образование врата кон успехот | процес и ги развиваме нивните способности за примена на стекнатите знаења и умеења во секојдневниот живот.<br><br>6.1.2. Во училиштето постои и се почитува Кодекс на однесување во кој се содржани принципи, правила и обврски на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Во изработката на кодексот учество земаа сите структури. Куќниот ред е поставен на видни места во училиштето. Постои и Правилник за изрекување на педагошки мерки со кои се регулира поведението и изостанувањето на учениците. Со овој правилник се запознати учениците, наставниците и родителите, а го има и на веб страната на училиштето.<br><br>6.1.3 Соработката на наставниците во нашето училиште е на високо ниво, особено помеѓу наставниците кои предаваат сродна група предмети, како и во стручните активи. Раководниот и наставен кадар има важна улога во добрата атмосфера во училиштето. Односот на наставниците кон учениците се базира на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и квалитети. Сите вработени постојано апелираат и ги упатуваат своите ученици на грижа за училиштето како и едни за други. Наставниците настојуваат сите ученици без разлика на вера, род, етничка припадност, потекло, способности да се чуствуваат прифатени и среќни во училиштето.<br><br>Состаноците во училиштето се одвиваат на повеќе структури и нивоа. Одд. совет, наставнички совет, стручни активи, советување на родители (групно – индивидуално), родителски средби (групно – индивидуално), ден на портфолио (отворен училишен ден). |

| | |
|---|---|
| - Друго (прослави, екскурзии...)<br>Еднодневни и повеќедневни екскурзии<br>Јубилеен патронат<br>Посети<br>Набљуденија | 6.1.4 За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба на училиштето. Работната атмосфера е присутна за време на наставата и вonнаставните активности. Се истакнуваат и редовно се соопштуваат сите ученици кои освоиле награди на општинските, градските и државните натпревари.<br>За учениците со несоодветно однесување по било која основа и оние кои не го почитуваат етичкиот кодекс на училиштето, одделенскиот раководител како и Одделенскиот совет изрекуваат соодветни педагошки мерки, според Правилникот за педагошки мерки од Законот за основно образование. Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите во однос на дисциплината и редовноста. Сметаме дека со зајакнување на наставничките дежурства овие проблеми би се намалиле уште повеќе.<br><br>6.1.5 Во училиштето и самите ученици имаат можност да учествуваат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Оваа активност учениците ја реализираат преку состаноците на ученичкиот парламент, ученичката заедница како и на часовите на одделенска заедница. Според записниците од одржаните состаноци и годишниот извештај на училиштето, се согледува дека ученичката заедница работи според однапред утврдена програма и учениците се навремено и целосно информирани и се вклучени во донесување на одлуки од нивен интерес. Ученичката заедница ги опфаќа учениците од II-V и од VI-IX одделение. Раководното тело е избрано на демократски начин со јасни критериуми и тајно гласање. Со мнозинство на освоени гласови истото е активно во застапување на интересот на учениците. Како најзначајни проекти на ученичкиот парламент се хуманитарните ПХВ проекти и посети на разни институции и знаменитости. |

### *6.2. Промовирање на постигањата*

| **Теми:** | **Промовирање на личните постигања на учениците**<br>**Промовирање на постигањата во име на училиштето** |
|---|---|
| **Извор на податоци** | **Констатирана состојба(кои информации се собрани?)** |
| Дневник на паралелка<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Годишен извештај<br>Тетратка за соопштенија<br>Записници од Одделенски и Наставнички состаноци<br>Пофалници, дипломи, награди<br>Изложени трудови на учениците<br>Медиумско промовирање на постигањата на учениците, фотографии и видеоснимки<br>Извештаи од одржани натпревари<br>Документација за изведени проектни активности<br>Веб страна на училиштето | 6.2.1 За унапредување на личните постигања на учениците во училиштето се органзираат слободни ученички активности низ кои учениците ги истакнуваат своите афинитети, желби и таленти. Училиштето дава голем поттик за напредување на сите ученици и нивно промовирање во различни области, како што се ликовни и литературни конкурси; спортски натпревари; еколошки хепенинзи;  ликовни изложби; изложби на ученички творби; меѓуодделенски и одделенски натпревари; учество на општински, регионални, државни натпревари; активности од областа на културата - настапување на културно - уметнички настани организирани од општината и градот; различни ТВ емисии од образовен карактер; организира јавна презентација на јавните постигања на училиштето и детските изработки, како и презентација на јавни културни приредби што произлегуваат од слободните активности и многу други манифестации на кои нашите ученици се промовираат себеси како и нашето училиште.<br>6.2.2. Доделувањето на награди и пофалници за постигањата на учениците најчесто се врши на полугодие, крај на учебна година, јубилеј, Патронен празник на училиштето, конкурси и натпревари. За патрониот празник  на училиштето или за некој друг вид манифестација присуствуваат родители, претставници на локалната заедница, гости од други училишта, медиуми и сл. Исто така постигањата на учениците се промовираат и на веб страната на училиштето, како и со учество на телевизиски емисии. Учениците редовно учествуваат и имаат освоено награди на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Постои и правилник за наградување на учениците. Некои од позначајните дипломи и признанија се истакнати на видни места во училиштето или учлниците. |

### *6.3 Еднаквост и правичност*

| **Теми:** | **Познавање на правата на децата**<br>**Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br>**Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот** |
|---|---|
| **Извор на податоци** | **Констатирана состојба (кои информации се собрани?)** |
| Годишни глобални и тематски планови и програми по предметот ОЖВ и граѓанско образование<br>Одделенски дневници<br>Формулар за партнерство / Меморандум за збратимени училишта<br>Глобални ученички активности за МИО<br>Разговор со Ученичката заедница, Детската организација, Подмладокот на Црвениот крст, родителите, наставниците<br>Записници од состаноци на УЗ, СР, ДО, ПЦК<br>Кодекс за однесување на учениците<br>Куќен ред на училиштето<br>Програми за деца со посебни потреби<br>Библиотечна картотека<br>Дисплеи<br>Пофалници, дипломи, благодарници<br>Фотографии, слики<br>Изложени ученички трудови<br>Проектни активности<br>Макети, модели, ѕидни весници | 6.3.1 Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Училиштето е спремно да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права. Училиштето ги поттикнува учениците да ги осознаваат своите права преку организација на различни предавања и трибини.<br>На одделенските часови и преку состаноците на Детската организација и Училишната заедница како и по предметот Граѓанско образование и учениците се информираат за своите права, но и обврските кои тие права со себе ги носат. На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите од кои постојано се бара соработка и им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски.<br><br>6.3.2 Училиштето настојува да има еднаков и правичен третман на своите ученици. Сите тие без оглед на својата национална припадност подеднакво учествуваат во наставните и воннаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини.<br>Сите ученици без разлика на возраста, полот, социјалниот статус уживаат еднакви права. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни потрби кои се активно вклучени во наставата. |

| | |
|---|---|
| Литературни и ликовни творби- конкурси интерни и екстерни<br>Учество на натпревари, медиуми<br>Програма за работа на стручната служба | 6.3.3 Еднаквост и правичност кон овие ученици постои и во работата со компјутери и вонннаставните активности. Во нашето училиште постојано се води сметка за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот и, овој однос е исполнет со толеранција и разбирање.<br>Училиштето води политика на позитивно вреднување на етничката, културната и верската разноликост и преку предметите Граѓанско образовани и Етика, изборниот  предмет Етика во религиите  и часовите на Одделенска заедница кои се реализираат и во одделенска и во предметна настава ( освен во прво одделение ).<br>Со предавања и трибини од оваа област постојано се продлабочува граѓанската култура и толеранцијата кон различностите. Мултикултурално ги едуцираме учениците и со спроведување на интегрирани часови по сродни наставни предмети како и преку содржините што ги изучуваат изборните предмети учениците ги запознаваме со различните култури кај нас. Училиштето ги користи сите можни стратегии за да овозможи соработка и разбирање помеѓу различните нации, култури, религии како и отфрлање на сите можни предрасуди кон „поинаквите “ од нас. |

**Клучни јаки страни**

- Постои високо ниво на почитување на наставниот кадар и педагошко-психолошката служба кон сите ученици во училиштето
- Отвореност на училиштето за соработка со родителите, локалната заедница, невладиниот сектор и медиумите.
- Училиштето има изготвен Кодекс на однесување на наставниците и учениците истакнат на видно место.
- Во училиштето постои добра соработка меѓу вработените, учениците и другите.
- Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот.
- Постои позитивна клима за нови проекти во образовниот процес, високо едуциран наставен кадар кој е постојано спремен на доедукација и обуки.
- Училиштето во континуитет организира хуманитарни акции и хепенинзи со цел да се помогне на учениците од социјално ранливите семејства и друг вид хуманитарни акции.
- Дисциплината на учениците во училиштето е добра. По потреба се применува правилникот за изрекување педагошки мерки
- Училиштето постигнува значајни резултати на општинско, градско и државно ниво.
-

**Слаби страни:**

- Превземање на мерки за подобрување на дисциплината.
- Зајакнување на дежурствата на наставниците,особено во време на одморите помеѓу часовите.

**Приоритетни подподрачја во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот на развој на училиштето:**

- Градење на стратегија за наградување на ученици.
- Тековно и навремено објавување на настаните на веб страната

| **ПОДРАЧЈЕ 7** | **СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Павлинка Ѓорѓиева**, Луиза Наневска, Анета Ѓоргиеска, Сања Пиперевска, Драган Станојковски, Горан Величковиќ, Марина Станковиќ, Андријана Грујоска |

| Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|
| 7.1 Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница | 7.1.1 Соработка на училиштето со родителите<br>7.1.2 Соработка со локалната заедница<br>7.1.3 Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

***7.1 Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница***

| **Теми:** | 7.1.1 Соработка на училиштето со родителите<br>7.1.2 Соработка со локалната заедница<br>7.1.3 Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |
|---|---|
| **Извор на податоци** | |
| Педагошка евиденција и документација – дневник од I – IX одд.(стр. 6-13),<br><br>I-III (110-111),<br><br>IV – IX (134-135).<br><br>Истакнат распоред на огласна табла<br><br>Извештај на училиштето<br><br>Книга за дежурство на учениците | 7.1.1 Училиштето превзема добро испланирани активносити и организира обуки за потикнување на родителите да се вклопат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Соработка на училиштето со родителите е перманентна, транспарентна и јавна. Секогаш се внимава родителите активно да бидат вклучени во наставниот процес, како и во вонаставни активности. Со години наназад родителите се поттикнуваат да се вклучат во образованието на своите деца и редовно се консултираат при донесување на Годишната програма за работа на училиштето, но и за сите други проблематики кои се од интерес на нивните деца. Соработката на училиштето со родителите се остварува преку повеќе форми: Индивидуални средби, задолжителни родителски средби, отворен ден за соработка и друго. За родителите и другите надворешни соработници има приемен ден за посета, разговор, односно соработка со одделенскиот раководител, предметните наставници, психологот, педагогот, директорот и секогаш се води евиденција кои посетители доаѓаат и со каква намера заради |

| | |
|---|---|
| Извештај од советување-психолог<br><br>Извештај од одговорен наставник на ученичка заедница<br>Записници од Совет на Родители<br><br>Фотографии | безбедноста на учениците. Родителите за почетокот на учебната година уписи на ученици во прво одделение редовно се известуваат и преку соодветни брошури и информатори направени токму за таа намена.<br>Родителите на учениците кои пројавуваат несоодветно однесување навремено се повикувани на психолошко советување. Учениците преку ученичкта заедница се вклучени во донесување на одлуки од нивен интерес. Во училиштето постои професионална соработка помеѓу вработените која придонесува за постоење на добра атмосфера, која се пренесува на родителите и посетителите во училиштето. За реализација на некои содржини и предавања се вклучуваат родители, стручни за соодветната област и се вклучуваат во организирање обуки за соработка со училиштето. Организирана форма на делување на родителите е Совет на родители. Советот по потреба одржува состаноци на кои се запознаваат со целите и задачите за работа, активностите кои ги планира училиштето и дава идеи и предлози за одредени прашања за унапредување на воспитно – образовната работа. Училиштето изготвува и доставува до родителите Информатор за целокупната организација на воспитно-образовната работа.<br>Соработката од страна на родителите со нашето училиште редовно се реализираат во текот на учебната година. Спроведени се активностите во рамките на проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ во кои наведените активности во целост се реализирани. |
| Годишен извештај на училиштето<br><br><br><br>*Дневник стр.107,108 | 7.1.2 Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проект и слично. Соработката со голем број установи позитивно влиеае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците. Соработка со средни училишта, факултети, соработка со општина Центар, British council, Кинескиот центар Конфучие, библиотеки, кина, театри, музеи, ДКЦ, МКЦ, ЈУДКЦ Карпош, Goethe Institut, соработка со Здружение совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје, РСБСП, Пакомак, соработни со издавачки куќи, телевизиски куќи, радио и печатен медиум, Црвен крст, НВО Хера , училишта со посебни потреби, соработка со еколошки организации, American corner, Американска и Британска Амбасада, Национална галерија, спортски здруженија. Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Соработката |

| | |
|---|---|
| | особено е интензивна при прославувањето на бројни празници како што се „ Ден на Општина Центар“, „Цел Центар на точак“, „Денот на екологијата“, „Денот на Европа“, и притоа има доделување на парични награди (ваучери) од страна на општината за талентирани ученици. По тој повод секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина. Голем е бројот и на дополнителни активности во кои активно земаат учество учениците од прво до деветто одделение. Организирање свечена приредба по повод првиот училишен ден за првачиња, Учество на Велородео, Посета на промоцијата на дигитални сликовници во ДКЦМКЦ, Саем на мед, Учество на Европската Недела на кодирање, Одбележување на Светскиот ден на институтите Конфуциј на платото пред НУБ, Учество на ликовен и литературен конкурс по повод одбележување на Денот на општината, Учество на работилница за изработка на маски за Ноќ на вештерките-American corner, Посета на природно-научен музеј: Чудесен свет на пајаците, Посета и следење на анимирани филмови на фестивал за анимирани филмови Анимакс во кино Фросина, МКЦ, Посета на планетариум, Посета на детскиот фестивал Златно салвејче, Посета на театарска претстава Петар Пан, Посета на еднодневен семинар на тема:Демократијата и Собранието, Учество во проектот:Електричниот отпад создава можност Одбележување на 8 Декември ден на Св. Климент Охридски, Учество на новогодишниот Кока-кола караван, Соработка со Специјална Олимпијада Македонија, Посета на настапот на Уметничкиот ансамбл од Чангша од НР Кина, Одбележување на католички божиќ во American corner и British council, Учество на проектот Bulding the American city, Учество на кастинг за децаглумци во игран филм:Два, Учество во проектот: Локално, но гласно, Посета на Холокаустот, Учество на предавање за древната кинеска уметност: Сечење на хартија, Посета на саемот:Музиката низ призма на науката, Соработка со археолошкиот музеј, Учество на манифестацијата:Ден на учителот, Учество во едукативна работилница во рамките на општински акција: Цел Центар на точак, Посета на изложбата на Пикасо, Учество на Скопски цветен фестивал, Изработка на краток филм за училиштето, Едукација на учениците за климатските промени, Учество на доделување на стипендии на талентирани ученици. |

| | |
|---|---|
| | веб страна на училиштето |
| Активности организирани од невладин сектор -Меморандум за соработка-ООУ „Сами Фрашери“ | 7.1.3 Во реализацијата на наставните и воннаставните активности, училиштето соработува со деловни заедници од општина. Соработката се состои во посети и добивање информации за нивниот процес на работа, добивање помош во вид на наставни средства и помагала.Со невладини организации има соработка по нивна иницијатива за организирање акции, предавања посети, работилници и сл. |

***Анализа на анкетни прашања***

| | |
|---|---|
| 1.Анкетен прашалник за наставници :<br><br>*Дали земате учество во организирана посета на музеи, телевизиски куќи, саеми, здраствени установи, амбасади...? | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 11 анкетирани-36,67%, со ,,Понекогаш” одовориле 15 анкетирани-50,00%, со ,,Многу ретко” одговориле 4 анкетирани-13,33%, со ,,Никогаш” одовориле 0 анкетирани-0,00%. |
| *Дали сте земале учество во организирање на спортски игри и натпревари во училиштето ? | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 6 анкетирани-20,00%, со ,,Понекогаш” одовориле 9 анкетирани-30,00%, со ,,Многу ретко” одговориле 7 анкетирани-23,33%, со ,,Никогаш” одовориле 8 анкетирани-26,67%. |
| * Дали активно земате учество во спортски натпревари надвор од училиштето? | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 3 анкетирани-10,00%, со ,,Понекогаш” одовориле 4 анкетирани-13,33%, со ,,Многу ретко” одговориле 12 анкетирани-40,00%, со ,,Никогаш” одовориле 11 анкетирани-36,67%. |
| *Дали сте земале учество во подготвување на ученици за спортски натпраевари во и вон училиштето? | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 3 анкетирани-10,00%, со ,,Понекогаш” одовориле 4 анкетирани-13,33%, со ,,Многу ретко” одговориле 5 анкетирани-16,67%, со ,,Никогаш” одовориле 18 анкетирани-60,00%. |

| | |
|---|---|
| * Дали земате учество во соработка со невладини организации како Црвен Крст, Пакомак, Еко-Лоџик, Хера и сл.? | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 11 анкетирани-36,67%, со ,,Понекогаш” одовориле 12 анкетирани-40,00%, со ,,Многу ретко” одовориле 3 анкетирани-10,00%, со ,,Никогаш” одовориле 4 анкетирани-13,33%. |
| * Дали активно земате учество во организирање на настани со некоја од претходно наведените невладини организации? | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 10 анкетирани-33,33%, со ,,Понекогаш” одовориле 11 анкетирани-36,67%, со ,,Многу ретко” одовориле 5 анкетирани-16,67%, со ,,Никогаш” одовориле 4 анкетирани-13,33%. |
| * Дали сте земале учество во подготвување на ученици за проекти во соработка со невладини организации? | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 5 анкетирани-16,67%, со ,,Понекогаш” одовориле 8 анкетирани-26,67%, со ,,Многу ретко” одовориле 10 анкетирани-33,33%, со ,,Никогаш” одовориле 7 анкетирани-23,33%. |
| * Училиштето на својот веб-сајт ја имформира локалната заедница и невладините заедници за сите активности. | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 4 анкетирани-13,33%, со ,,Понекогаш” одовориле 21 анкетирани-70,00%, со ,,Многу ретко” одовориле 4 анкетирани-13,33%, со ,,Никогаш” одовориле 1 анкетирани-3,33%. |
| * Дали земате учество во организирање на настани со локалната зедница (општината)? | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 10 анкетирани-33,33%, со ,,Понекогаш” одовориле 17 анкетирани-56,67%, со ,,Многу ретко” одовориле 2 анкетирани-6,67%, со ,,Никогаш” одовориле 1 анкетирани-3,33%. |
| *Дали активно земате учество во настани и проекти во соработка со локалната зедница (општината) | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 10 анкетирани-33,33%, со ,,Понекогаш” одовориле 15 анкетирани-50,00%, со ,,Многу ретко” одовориле 4 анкетирани-13,33%, со ,,Никогаш” одовориле 1 анкетирани-3,33%. |

| | |
|---|---|
| *Дали подготвувате ученици за проекти со локалната заедница (општината) | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 10 анкетирани-33,33%, со ,,Понекогаш” одовориле 13 анкетирани-43,33%, со ,,Многу ретко” одовориле 6 анкетирани-20,00%, со ,,Никогаш” одовориле 1 анкетирани-3,33%. |
| * Дали земате учество во организирање на меѓународни проекти (како 22 септември – меѓународен ден без автомобили, или Засади дрво на мирот или други меѓународни манифестации) | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 8 анкетирани-26,67%, со ,,Понекогаш” одовориле 13 анкетирани-43,33%, со ,,Многу ретко” одовориле 9 анкетирани-30,00%, со ,,Никогаш” одовориле 0 анкетирани-0,00%. |
| * Дали сктивно земате учествов ов меѓународни проекти (како 22 септември – меѓународен ден без автомобили, или Засади дрво на мирот или други меѓународни манифестации) | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 7 анкетирани-23,33%, со ,,Понекогаш” одовориле 14 анкетирани-46,67%, со ,,Многу ретко” одовориле 4 анкетирани-26,67%, со ,,Никогаш” одовориле 1 анкетирани-3,33%. |
| *Дали подготвувате ученици за учеств ов меѓународни проекти (како 22 септември – меѓународен ден без автомобили, или Засади дрво на мирот или други меѓународни манифестации) | На поставеното прашање со ,,Често” одговориле 7 анкетирани-23,33%, со ,,Понекогаш” одовориле 13 анкетирани-43,33%, со ,,Многу ретко” одовориле 9 анкетирани-30,00%, со ,,Никогаш” одовориле 1 анкетирани-3,33%. |

| | |
|---|---|
| 2.Анкетен прашалник за родители: | |
| *Дали сте земале учество во спортски игри и натпревари во училиштето ? | На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 18 анкетирани-60,00%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 7 анкетирани-23,33%, со ,,Делумно точно” одовориле 5 анкетирани-16,7%, со ,,Неточно” одовориле 0 анкетирани-0,00%. |
| * Дали сте земале учество во спортски игри и натпревари во училиштето ? | На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 19 анкетирани-63,33%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 8 анкетирани-26,67%, со ,,Делумно точно” одовориле 3 анкетирани-10,00%, со ,,Неточно” одовориле 0 анкетирани-0,00%. |
| * Дали активно земата учество во спортски натпревари надвор од училиштето? | На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 23 анкетирани-76,67%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 7 анкетирани-23,33%, со ,,Делумно точно” одовориле 0 анкетирани-0,00%, со ,,Неточно” одовориле 0 анкетирани-0,00%. |
| * Дали земате учество во соработка со невладини организации како Црвен Крст (ПХВ проекти), Пакомак, Еко-Лоџик, Хера и сл.? | На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 28 анкетирани-93,33%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 2 анкетирани-6,67%, со ,,Делумно точно” одовориле 0 анкетирани-0,00%, со ,,Неточно” одовориле 0 анкетирани-0,00%. |
| *Дали земате учество во настани со локалната зедница (општин ата)? | На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 22 анкетирани-73,33%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 7 анкетирани-23,33%, со ,,Делумно точно” одовориле 1 анкетирани-3,33%, со ,,Неточно” одовориле 0 анкетирани-0,00%. |
| * Дали земате учество во меѓународни проекти (како 22 | На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 11 анкетирани-36,67%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 9 анкетирани-30,00%, со ,,Делумно точно” одовориле 10 анкетирани-33,33%, со ,,Неточно” одовориле 0 анкетирани-0,00%. |

| | |
|---|---|
| септември – меѓународен ден без автомобили(ролеријада, трка со велосипеди, цртежи на таа тема или слично) или Засади дрво на мирот или други меѓународни манифестации<br><br>* Дали училиштето редовно ги информира учениците  за сите активности преки веб сајт? | <br><br><br><br><br><br><br>На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 14 анкетирани-46,67%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 8 анкетирани-26,67%, со ,,Делумно точно” одовориле 6 анкетирани-20,00%, со ,,Неточно” одовориле 2 анкетирани-6,67%. |
| 3.Анкетен прашалник за учениците:<br><br>*Дали сте земале учество во спортски игри и натпревари во училиштето ?<br><br>*Дали активно земата учество во спортски натпревари надвор од училиштето?<br><br>*Дали земате учество во соработка со невладини организации како Црвен Крст (ПХВ проекти), Пакомак, Еко-Лоџик, Хера и сл.? | <br><br>На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 15 анкетирани-50,00%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 6 анкетирани-20,00%, со ,,Делумно точно” одовориле 1 анкетирани-3,33%, со ,,Неточно” одовориле 8 анкетирани-26,67%.<br><br>На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 5 анкетирани-16,67%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 15 анкетирани-50,00%, со ,,Делумно точно” одовориле 3 анкетирани-10,00%, со ,,Неточно” одовориле 7 анкетирани-23,33%.<br><br>На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 20 анкетирани-66,67%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 3 анкетирани-10,00%, со ,,Делумно точно” одовориле 1 анкетирани-3,33%, со ,,Неточно” одовориле 6 анкетирани-20,00%. |

| | |
|---|---|
| *Дали земате учество во настани со локалната зедница (општината)? | На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 8 анкетирани-26,67%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 12 анкетирани-40,00%, со ,,Делумно точно” одовориле 5 анкетирани-16,67%, со ,,Неточно” одовориле 5 анкетирани-16,67%. |
| *Дали земате учество во меѓународни проекти (како 22 септември – меѓународен ден без автомобили(ролеријада, трка со велосипеди, цртежи на таа тема или слично) или Засади дрво на мирот или други меѓународни манифестации) | На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 8 анкетирани-26,67%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 9 анкетирани-30,00%, со ,,Делумно точно” одовориле 5 анкетирани-16,67%, со ,,Неточно” одовориле 8 анкетирани-26,67%. |
| *Дали земата учество во посета на музеи, телевизиски куќи, саеми, здраствени установи, амбасади...? | На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 15 анкетирани-50,00%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 13 анкетирани-43,33%, со ,,Делумно точно” одовориле 0 анкетирани-00,00%, со ,,Неточно” одовориле 2 анкетирани-6,67%. |
| *Дали училиштето редовно ги информира учениците за сите активности преки веб сајт? | На поставеното прашање со ,,Сосема точно” одговориле 6 анкетирани-20,00%, со ,,Точно во најголем дел” одовориле 6 анкетирани-20,00%, со ,,Делумно точно” одовориле 12 анкетирани-40,00%, со ,,Неточно” одовориле 6 анкетирани-20,00%. |

| **Клучни јаки страни**<br><br>– Во текот на целата учебна година нашите ученици се вклучени во заеднички проекти,наставни и вонннаставни активности(културни и спортски)во соработка со локалната заедница.Преку тие соработки се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.<br>– Локалната зедница преку разни донации придонесува во подобрување на инфраструктурата на училиштето.<br>– Училиштето има воспоставена добра соработка со родителите преку организирани трибини,предавања,работилници, посети во работни организации во кои тие се вработени.<br>– Постои меморандум за соработка со субјекти од локалната заедница и невладината ораганизација.<br>– Постои соработка со деловната заедница и невладината сектор. |
|---|
| **Слабости**<br><br>– Од воочените анализи детектирани се слабости во областа на донирањето на сретства од страна на родителите, деловната заедница и невладиниот сектор. |
| **Анализа на резултатите**<br><br>– Училиштето има постојано добра соработка со родителите.<br>– Соработката со локалната заедница,деловната заедница и невладиниот сектор е на високо ниво.Таа соработка е продлабочена со потпишување на меморандум. |
| **Идни активности**<br><br>– Да се склучи меморандум за соработка со деловната заедница<br>– Да се изготви листа за евиденција на индивидуалните средби. |

Претседател на Училишен Одбор: Директор:

________________________________ __________________